РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
Стојан Бурчевски Буридан
Бр. 01-370/1
29.08.2025 год
с. Иванковци, Велес

# САМОЕВАЛУАЦИЈА на ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

## „СТОЈАН БУРЧЕВСКИ БУРИДАН“

**Иванковци, Велес**

**период 2023-2025 година**



**август, 2025 година**

| | |
|---|---|
| **САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО** | |
| **Училиште** | **ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“ Иванковци, Велес** |
| Адреса | **Иванковци, Велес** |
| Телефон, е-пошта | **043 253 185 stojanburcevski@yahoo.com** |
| Период на подготовка на СЕУ | **април-јуни 2025 година** |
| Број на ученици во училиштето | **87 ученика** |
| Број на подрачни училишта | **3 (три) Сујаклари, Мамутчево, Отовица** |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | **Трајче Недев** |
| Потпис | |
| Датум | **29.08.2025 година** |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | **Александар Арсовски** |
| Потпис | |
| Датум | **29.08.2025 година** |

## ПОДРАЧЈЕ 1: ПЛАНИРАЊЕ; НАСТАВА И УЧЕЊЕ

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **1.1 Планирања на наставниците**<br>**1.2 Наставен процес**<br>**1.3 Искуства на учениците од учењето**<br>**1.4 Оценувањето како дел од наставата**<br>**1.5 Вонnаставни активности и натпревари** |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“ Иванковци** **Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 1.1 Планирања на наставниците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишна програма за работа на училиштето;<br>планирања на наставниците;<br><br>списоци, агенди и извештаи од реализирани обуки;<br><br>записници и списоци од состаноци на стручни | Поддршка и следење на планирањата на наставниците | Наставниците во училиштето изготвуваат и работат според наставни планови и програми во согласност со наставните планови и програми изготвени од БРО, а одобрени од МОН. Континуирано се следат иновациите во наставата и се имплементираат во наставните програми. Врз основа на наставните планови и програми, наставниците пред почетокот на секоја учебна година изработуваат годишни и тематски планирања по сите наставни предмети. Истите најдоцна до 15 септември ги предаваат кај педагогот на училиштето во електронска форма. Училиштето им обезбедува навремена обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. Од страна на стручната служба, директорот и/или назначеното лице се следат планирањата на наставниците, има утврдени процедури за следење и давање поддршка за подобрување. Најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот, од стручните соработници и/или од |

<table>
<tr>
<td>активи;<br><br>анкети со наставници; интервјуа со<br><br>директорот, стручните соработници;<br><br>извештаи од стручни соработници за следени планирања.</td>
<td></td>
<td>лица назначени од стручните органи.




Од анализата на одговорите од прашалниците за наставници, во делот кој се однесуваше на добивање навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата од анкетирани 19 наставници се добија следните резултати: 21.1% целосно се согласуваат со ова тврдење, 57.9% се согласуваат и 21,1% не се согласуваат со ова тврдење.




Од анализата на одговорите од прашалниците за наставници, во делот кој се однесуваше на следење на планирањата најмалку два пати во полугодието се добија следните податоци: најголемиот број наставници се согласуваат со ова тврдење дека директорот и стручната служба ги следат нивните планирања додека сосема мал број од нив не се согласуваат или пак немаат информација за ова тврдење.Од вкупно анкетирани 19 наставници, поголем број односно 63.2% целосно се согласиле со тврдењето, 26.3%се согласиле, 10.5% не се согласуваат.</td>
</tr>
</table>

<table>
<tr><td></td><td></td><td>


Од анализата на одговорите од прашалниците за наставници, во делот кој се однесуваше на добивање поддршка од директорот и / или стручната служба при изготвување на планирање за мојот натавен предмет/ предмети ист процент на наставници 36,8 % целосно се согласуваат и се согласуваат со ова тврдење, 15,8% не се согласуваат со ова тврдење а останатите 10,6% целосно не се согласуваат односно немаат информации со ова тврдење.</td></tr>
<tr><td></td><td>Размена на искуства и на информации при планирањето</td><td>Наставниците разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта. Размената на искуства и информации при планирањата се врши преку стручните активи при соработка за реализација на наставните програми, соработка со стручната служба и дискусија на Наставнички совети. Наставниците разменуваат искуства за планирања и изготвување на наставните содржини во рамките на стручни активи. Наставниците ги изработуваат своите планирања во консултации со стручните активи, каде разменуваат искуства, како за годишните планирања, така и за оперативните планирања и сценаријата на часовите. Истите ги предаваат во Педагошко-психолошката служба. Тие исто така, планираат активности во рамките на стручните активи и самостојно.</td></tr>
</table>

**Полугодишен извештај од активот по општествени науки**

Во текот на учебната 2023/2024 година Активот имаше повеќе предвидени цели и активности кои во текот на првото полугодие беа реализирани во целост. Во текот на полугодието беа реализирани и други активности за кои тековно се појави потреба. Нашиот актив имаше две главни полиња на работа – планирање на работата на Активот и реализација на предвидените активности. Планирањето беше извршено во Август 2023 со полна соработка од сите членови на Активот. Во рамките на планирањето беа зацртани цели на Активот, за кои понатаму беа конципирани и предвидени соодветни активности. Нивната реализација одеше тековно по месеци, скоро без или со минимални отстапувања од планираното .
Секој месец се реализираа предавања во реализација на наставниците по историја.
Предавањата се однесуваа на државните празници.
Во месец Септември наставничката Мирјана Пановска во соработка со наставничките Маринела Пановска и Марија Димова одржа работилница со учениците од осмо и деветто одделение по повод ,,Денот на Европските јазици,,
Преку предавање и работилници се обележа и Месецот на книгата. Во рамките на Месецот на книгата се одржа едукативна активност на тема,, Јас предложувам книга, прочитај ја ти,, во реализација на наставничката Мирјана Пановска.
Во Декември се одржа Литературно читање по повод одбележување на Детски Рацинови средби.
По повод Денот на учителот се одржа литературно читање во подрачното училиште во с.Сујаклари во организација на наставничката по македонски јазик Маја Стојанова, и предавање за културните дејци, македонски просветители од страна на наставничката Мирјана Пановска.
Изведени се нагледни часеви во централното и подрачните училишта според предвидената динамика.
По повод новогодишните празници наставничката по македонски јазик Маја Стојанова подготви приредба, која се изведе во подрачното училиште во с.Сујаклари.
По повод новогодишните празници Наставничката Маринела Пановска реализираше работилница и квиз во соработка со наставничките Мирјана Пановска како и активот по природни науки со наставничката Андријана Кариланова со учениците од шесто до деветто одделение во централното училиште во с. Иванковци.
Во текот на оваа полугодие литературната секција учестува и освојува награди на литературни конкурси во реализација на општинските училишта.
Предвидените еколошки содржини по предмети се реализирани според предвидената динамика.

**Одговорен наставник**
**Маринела Пановска**

Предавање на тема-Опасностите од употреба на петарди
Учество на натпревари и конкурси организирани од други училишта.
**Наставниците од Одделенскиот актив реализираа и други содржини планирани со Годишната програма за работа на Активот:**
Месечно реализирање на активности од проектот МИО и ЕКО.Тековни контакти, и консултации за прашања и проблеми во врска со наставата.Годишни состаноци на членовите на Активот и договор за одржување на отворени и нагледни часови .
Активот на одделенска настава, учествува на сите манифестации организирани од локалната самоуправа.

**Претседател на стручен актив:**
**Златко Јанев**

**Природни науки стручен актив – извештај за прво полугодие**

**Учебна година 2023/2024**

Стручниот актив по предметите по природни науки одржува состаноци на кои се разговараше за различните пристапи, методи и техники како да се подобри наставата по природни науки.На почетокот на учебната година стручниот актив на наставници по природни науки предаваат програма исто така и наведени нагледни часови по еден час од наставниците во тековната година.

| Наставник Име и презиме | предмет | Наставна содржина | Одделение | Месец на реализација |
|---|---|---|---|---|
| Андријана Кариланова | математика | Проценти | VI | Октомври |
| Андријана Сарагиновска | биологија | Состав на крвта | VIII | Март |
| Катерина Петрова | географија | Русија | VIII | Мај |
| Марина Јанушевска | математика | Карактеристики на 3 Д форми | VII | Април |
| Снежана Шупевска | физика | Втор Њутнов закон | VIII | Ноември |

Наставниците кои се дел од стручниот актив по природни науки учествуваат во многу воннаставни активности како: обуки, работилници, семинари, вебинари, натпревари и др.По повод денот без автомобили учениците од 6 одд. заедно со наставничката Катерина Петрова учествуваа во работилница, по повод денот за заштита на озонската обвивка учениците од 8 одд.заедно со наставничката Андријана Сарагиновска учествуваа во работилница.Учество на квиз натпревар по повод патронатиот празник на ССОУ,, Коле Неделковски,, на тема Чекор по чекор со знаење до посветла иднина,, и освоени награди: прва награда Димитар Спасовски - трета награда Иво Богдановиќ, учество на патронот празник на Гимназија ,, Кочо Рацин,, на тема Математичка одисеја по менторство на наставничката Андријана Кариланова.Исто така заедно со активот по опшесствени науки беше организран училишен квиз по математика ,, Сликовни равенства,, по повод Нова Година во училиштето во с.Иванковци.

**Одговорен наставник: Андријана Сарагиновска**

| | | |
|---|---|---|
| | | Од анализата на записниците на стручните активи констатирано е дека планирањата се изготвуваат на ниво на стручни активи по одделенија и наставни предмети. По анализа на записниците констатирано е дека има многу точки од дневен ред каде наставниците разменуваат искуства за планирања и изготвување на наставните содржини, а дел од нив се:<br><br>Од анализата на одговорите од прашалниците за наставници, во делот кој се однесуваше на размена на искуства и информации при планирањето се добија следните податоци:<br>По однос на тврдењето: Во рамки на стручните активи разменуваме искуства за планирањата на часовите, најмалку два пати во полугодието, анкетирани се вкупно 19 наставници: поголем број од наставниците 47,4% целосно се согласуваат, 36,8% се согласуваат по ова тврдење, а по незначителен број 15,8% не се согласуваат со тврдењето. |
| **Индикатор 1.2 Наставен процес** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| - Годишна програма за работа на | Реализација на наставни планови и програми | Наставниците во училиштето изготвуваат и работат според наставни планови и програми во согласност со наставните планови и програми изготвени од БРО, а |

| | | |
|---|---|---|
| училиштето;<br>- распоред на часови;<br>- е-дневник;<br>- педагошка евиденција и документација;<br>- списоци и извештаи од реализирани обуки;<br>- записници од состаноци на стручни активи;<br>- анкети со наставници;<br>- ученици, родители/старатели;<br>- дискусии во форкус групи со ученици, наставници и родители/старатели;<br>- интервјуа со директорот, стручните соработници;<br>- извештаи од посети на наставни часови;<br>- решенија за инклузивен тим на училиштето;<br>- изработени ИОП и модифицирани | | одобрени од МОН. Континуирано се следат иновациите во наставата и се имплементираат во наставните програми.Во учебните 2023/2024 и 2024/2025 започна имплементацијата на новата концепција за основно образование. Во учебната 2023-24 година наставниците од I до VI одделение реализираа настава според новата концепција за основно образование со решение број: 12-11790/3 од 03.11.2023 година донесена од МОН, нов наставен план и нови наставни програми по предметите кои се изучуваат од I до VI одделение донесени од БРО и МОН. Врз основа на наставните планови и програми, наставниците пред почетокот на секоја учебна година изработуваат годишни и тематски планирања по сите наставни предмети (задолжителни и изборни).Истите најдоцна до 15 септември ги предаваат кај педагогот на училиштето во електронска форма.Во подготовките за утврдување на квалитетот на воспитно-образовниот процес, во месец август наставниците треба да достават: Годишни планирања за наставен предмет, додатна, дополнителна настава. (Програмите на одделенски раководители, екскурзии, стручни активи и други програмски прилози предвидени со Годишна програма се доставуваат од одговорните на стручните активи). Годишните и тематските планирања потребно е да содржат: цели, очекувани исходи, критериуми на оценување, стандарди на оценување на учениците, интегрирано ЕКО, МИО, ИКТ). Наставниците имаат обврска да изработат програма за додатна настава, дополнителна, ИОП, програма за работа на стручен актив, програма за ексурзии. Планирањата ги следи директорот на училиштето и стручната служба. Динамиката на следење на наставниот процес е според изготвениот План за следење кој е интегриран во Годишна програма за работа на училиштето; посета на часеви и за истиот наставниците се информираат на почетокот на учебната година. Годишните планирања и тематските планирања наставниците да ги достават до стручната служба на училиштето до почетокот на тековната учебна година најдоцна до 15 септември во тековната година. Оперативните планирања и сценаријата се водат континуирано. Увидот во Оперативните планирања и сценаријата се врши еднаш во текот на секое тримесечие. Евиденцијата се врши во Педагошки картон на наставникот.<br>После увидот во планирањата, секој набљудуван час има состанок - набљудувачот разговара со наставникот. По состанокот наставникот се направи рефлексија за часот или планирањето. На наставникот му се дава повратна информација.<br>Резултатите од набљудувањето ќе се користат во планирањето на |

| | | |
|---|---|---|
| програми за учениците со посебни образовни потреби;<br>- записници од состаноци на<br>- училишните тимови за инклузија и инклузивните тимови за ученик;<br>- извештаи и записници од тимови за училишна интеграција (ТУИ),<br>- извештаи од реализирани активности за меѓуетничка интеграција, вклучително и заеднички наставни часови;<br>- материјали од постапката за определување изборни/слободни изборни предмети и активности;<br>- планирања за изборни предмети. | | професионалниот развој на наставниците и давањето поддршка на нивните образовни потреби. Наставниците имаат обврска да ги подготват и предадат своите глобални и тематски планирања пред почетокот на учебната година во август. Сценаријата и дневните/неделните планирања ги подготвуваат тековно. Во одделенска настава главно планирањата се прават на ниво на стручен актив, а наставниците од предметна настава ги изработуваат индивидуално. Планирањата ги следат педагогот и директорот на училиштето. Динамиката на проверка со посета на часови се определува според динамиката на обврски на членовите од службата, но со тенденција да се набљудува секој наставник барем еднаш во тековната учебна година. По одржаниот час се спроведува рефлексија во чии рамки наставникот писмено одговара на подготвени прашања за таа цел и веднаш по завршувањето на часот набљудувачот споделува со него свои видувања и предлози за подобрување на планирањата. Ефектите се во насока на подобрување на процесот на планирање и реализирање на наставата. Од увидот на часовите може да се констатира дека најголем дел од наставниците користат современи приоди во наставата и избираат и применуваат методи и техники кои овозможуваат интеракција помеѓу учениците и слободно изразување. |
| | Избор на наставни предмети | Изборот на задолжителните наставни предмети се врши секогаш според законската регулатива и во согласност со Наставниот план и Програма дадени од страна на Министерството за образование на Р. С. Македонија и Бирото за развој на образованието. Бројот на задолжителни и изборни наставни предмети е утврден во доставениот Предлог - Наставен план за деветгодишно основно образование на Бирото за развој на образованието. Училиштето има воспоставено процедура за избор на изборни предмети. Постапката за избор на наставни предмети се применува во целост, со доследно почитување на потребите, афинитетите и барањата на учениците. Училиштето нуди можност, преку анкетирање, учениците да изберат наставен предмет што сакаат да го изучуваат во текот на целата учебна година. За избраните предмети навремено се известуваат БРО и МОН. Во првиот образовен период (I - III одд.) слободниот изборен предмет се реализира во форма на слободни активности што ги води одделенскиот наставник задолжен за паралелката во договор со учениците. Во времето предвидено за слободните изборни активности, кој наставникот го евидентира во своето неделно планирање секој ученик се поттикнува самиот да избере што сака да прави како дополнување на она што е веќе учено во текот на денот/седмицата и/или целата паралелка може |

| | | |
|---|---|---|
| | | да избере заедничка активноста како поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците (на пример, една од повеќе понудени работилници од Образование за животни вештини). Според насоките дадени од МОН, во вториот образовен период (IV – VI) одд. понудени се по 3 изборни предмети од четирите категории на изборни предмети кој ќе се изучуваат по еден во првото и второто полугодие. Овие изборни предмети се внесуваат во електронскиот дневник и за нив учениците добиваат описно односно бројчано оценување. Учениците од третиот образовен период бираат еден од понудените три изборни предмети. Во училиштето се организираат слободни ученички активности и секој наставник реализира по еден час седмично во текот на целата учебна година. Истите ги задоволуваат интересите и потребите на учениците. Секој наставник навремено ги евидентира реализираните часови за слободни ученички активности во дневникот на паралелката, а во текот на годината води електронска педагошка евиденција за реализација на вонnаставните активности. |

**8.9. Изборна настава**

Училиштето ги почитува правата и обврските на учениците при определување на изборни предмети и ги спроведува прописите поврзани со таа проблематика.

Согласно Концепцијата за основно образование донесена од страна на министерката за образование и наука со решение бр. 08-3980/1 од 3.03.2021 изработен е Водич за слободни изборни предмети во основното образование. Во Водичот се дадени водечките принципи на слободните изборни предмети, начинот на определување на слободните изборни предмети во училиштето, изработката на наставните програми за изборните предмети, изборот и организацијата на слободните изборни предмети, планирањето и реализацијата на наставата, како и начинот на следење и оценување на постигањата на учениците.

| Име на изборниот предмет | Одделение |
|---|---|
| Слободни изборни активности | I до III |
| Моделарство, креативни идеи, направи сам – прво полугодие<br>Справување со природни катастрофи – второ полугодие | IV |
| Моделарство, креативни идеи, направи сам – прво полугодие<br>Справување со природни катасторфи – второ полугодие | V |
| Велосипедизам – прво полугодие Отовица<br>Оригами – второ полугодие Отовица | комбинир. паралелка |
| Справување со природни катасторфи – прво полугодие Сујаклари<br>Оригами – второ полугодие Сујаклари | комбинирана паралелка |
| Религиите во светот- прво полугодие<br>Готвење- второ полудогие | VI |
| Театарот, уметност на емоции- прво полугодие<br>Класична култура- второ полугодие | VII |
| Проекти од информатика Иванковци и Сујаклари | VIII |
| Нашата татковина, Иванковци и Сујаклари | IX |

Наставниците од основните училишта изготвуваат наставни програми за слободните изборни предмети според интересите на учениците, притоа можат да ги користат примерите кои се изработени во Бирото за развој на образование но и наставните програми за слободните изборни предмети кои се изработени од наставници од различни основни училишта и кои се одобрени од предметните советници како соодветни за реализација во наставата.Изборот на изборни предмети за учебната 2023/2024 година се изврши по претходно спроведена анкета за учениците и родителите.

*Сите измените во однос на изборните предмети ќе се спроведат по дадената насока за постапување за учебната 2024-2025 година.

Преглед на изборна настава во учебната 2024-2025 година
(превземено од Годишна програма за учебна 2024/ 2025 година)

Во анкетата за родители, на која се анкетирани 36 родители. Родителите се изјасниле на следен начин:




На исказот „Запознаен/а сум со листата на изборни/слободни изборни предмети и активности“ – 47,2 одговориле со целосно се согласувам, 50 % со се согласувам и мал дел односно 2,8 % со не знам / немам информација.




На исказот„Изборните предмети / активности кои ги посетува моето дете ги има избрано согласно своите интереси со целосно се согласувам одговориле 27,8 %, се согласувам 63,9%, 2,7% се изјасниле дека не се согласуваат, а исто толку и дека целосно не се согласуваат или не знаат/ немаат информација.
Од анкетите за учениците во кои се вклучени 41 ученик на исказот:

| | | |
|---|---|---|
| | | <br>„Сам/а ги имам избрано слободните изборни активности и предмети во кои учествувам според моите интереси“ 29,3% одговориле дека целосно се согласуваат, 56,1% одговориле со се согласуваат, 9,8% не се согласуваат, 2,4% целосно не се согласуваат и 2,4% не знам / немам информации. |
| | Избор на задачи, активности и на ресурси | Сите наставници, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Притоа, наставниците користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин, користејќи современи приоди во наставата како: искуственоучење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби.<br>Наставниците во воспитно-образовната работа, односно наставниот процес користат разновидни задачи, активности и ресурси со цел остварување на планираните цели и задачи и реализирање на наставните содржини. При избор на истите, се земаат во предвид индивидуалните способности, можности и потреби на секој ученик, како и нивната возраст, предзнаења и стилови на учење. Наставниците кои работат со ученици по ИОП ги прилагодуваат задачите и активностите во согласност со програмата. Наставните форми и методи што ги избираат наставниците се фокусирани на процесот на стекнување на знаења и развивање на способности за учење кај учениците, а не пласирање на готови знаења. На тој начин, наставниците ја прилагодуваат наставата на учениците и |

| | | |
|---|---|---|
| | | овозможуваат активно вклучување на учениците во наставата кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми. Истите придонесуваат за развивање на критичко мислење кај учениците и логичко заклучување како и стекнување на знаења применливи во секојдневниот живот. Разновидноста на наставните средства и материјали кои ги применуваат наставниците во наставната практика, придонесуваат за креирање средина за учење која нуди најразлични доживувања и стекнување искуства, кои го поддржуваат когнитивниот и социоемоционален развој. Ресурсите со кои располага училиштето се употребуваат на функционален начин. За непречено одвивање на часовите, на наставниците им се достапни и различни нагледни средства кои ја приближуваат наставата до учениците, манипулативни материјали кои го олеснуваат учењето и потрошен материјал со кој се овозможува реализација на наставата. Разновидноста на нагледните средства и наставните помагала што се применуваат во наставниот процес служат да ја зголемат активноста и мотивацијата на учениците, да им го задржат фокусот на наставата и да придонесат за развој на функционалните способности кај учениците. Нашето училиште навремено организира обуки за примена на современи методи и техники на планирање на наставата. Исто така наставниците во рамки на стручните активи редовно разменуваат искуства од наставната практика -планирање на часовите, избор на соодветни наставни активности, задачи и методи, соработуваат и се надополнуваат. Работата на наставниот кадар континуирано се следи од страна на директорот на училиштето и стручната служба. Работата на наставниот кадар континуирано се следи од страна на директорот на училиштето и стручната служба.<br>Во нашето училиште оваа година во однос на спроведување на самоевалуацијата на квалитетот на работата на училиштето, спроведен е анкетен прашалник за наставниот кадар (19 наставници), каде во рамки на подрачјето: Планирање, настава и учење се опфатени повеќе гореспоменати елементи. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 1.7 Во наставата користам приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми<br>19 responses<br><br>На тврдењето „Во наставата користам приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми“, поголем број од наставниците 57,9% целосно се согласуваат со тврдењето.Дел од наставниците 42,1% се согласуваат со оваа тврдење..<br>1.5 Задачите и активностите на часовите ги приспособувам на индивидуалните образовни потреби на учениците<br>19 responses<br><br>На исказот „Задачите и активностите на часовите ги приспособувам на индивидуалните образовни потреби на учениците”, поголем број наставници47,4% целосно се согласуваат со тврдењето дека задачите и активностите ги приспособуваат со индивидуалните потреби на учениците, додека 47,4% од наставниците се согласуваат со ова тврдење. Мал дел од наставниците 5,2% одговориле не знам/ стара информација со ова тврдење. |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br><br>По тврдењето „Во наставата користам различни ресурси за учење и настава“,42,1% од наставници се изјасниле дека целосно се согласуваат, додека 57,9 % наставници се изјасниле дека се согласуваат.<br>Направени се анкети и на родители, на која се анкетирани 36 родители. Родителите се изјасниле на следен начин:<br><br><br>На тврдењето: ,,Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на моето дете“: целосно се согласуваат 27,8 %, се согласуваат 61,1%, незначителен број не се согласуваат 5,5% и немаат информација 5,5%. |

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td>



На тврдењето: ,,Моето дете слободно може да се изрази за време на часовите,, Родителите се изјасниле на следен начин: целосно се согласуваат 22,2%, голем број се согласуваат 69,4%, не се согласуваат 8,3% .




На тврдењет „На моето дете повеќето часови му се интересни “ Родителите се изјасниле на следен начин: целосно се согласуваат 13,9%, се согласуваат 80,6%, незначителен број не се согласувам 3,05% и не знам /немам информација 3,05%.
</td>
</tr>
</table>




На тврдењето: „Моето дете во училиштато има пристап до различни материјали за учење (на пр.  енциклопедии , списанија, интернет, модели)“. Родителите се изјасниле на следен начин: целосно се согласуваат 13 ,9  %, се согласуваат 75 % , мал број не се согласуваат 2,8% и не знам/ немаат информација за ова тврдење 8,3%.

Од прашалниците за ученици, анкетирани се 41  ученици .




На тврдењето: „На часовите имам можност да учам на различни начини (на пр. преку  проекти , преку игра, преку истражување и сл.)“ Учениците се изјасниле на

| | | |
|---|---|---|
| | | следен начин: целосно се согласуваат 46 ,3 %, се согласуваат 48,8% и мал број 4,9% целосно не се согласуваат .<br><br>На тврдењето: „На часовите користиме различни материјали и извори за учење (на пр. енциклопедии , списанија, интернет, модели)" Учениците се изјасниле на следен начин: целосно се согласуваат 43,9%, се согласуваат 48,8%, не се согласуваат3,6 %,целосно не се согласуваат 5,4%.<br><br>На тврдењето: „Наставниците ја прават содржината од предметите интересна" Учениците се изјасниле на следен начин: целосно се согласуваат 31,7%, се согласуваат 53,7 %, на делот не се согласуваат или целосно не се согласуваат како и не знам/немаат информација по ова тврдење одговориле 14,6 %. |
| | Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно | Наставниците ја почитуваат личноста на учениците и не се забележува стереотипен приод на наставникот кон ученикот. Наставниците исто така посветуваат и големо внимание на градење на меѓусебна доверба иинтеракција со учениците преку активности како самооценување и транспарентност при формирање на оценки. За време на наставните часови се создаваат еднакви можности за учество на сите |

| | | |
|---|---|---|
| | | ученици, а со интеракција наставник/ученик и примена на современи методи и техники се постигнуваат поставените цели на часот. Во наставата најчесто се применува интеракцијата со учениците со цел да се подобри учењето, практичната настава и да се поттикне самооценувањето и поттикнување на попријатна работна клима во училницата. Наставниците подготвуваат активности за учениците преку кои тие треба да научат како да ги разликуваат чувствата, да ги препознаваат кај себе и кај своите другарчиња и да можат слободно да зборуваат за нив. На тој начин се воспоставува добра, стабилна и квалитетна интеракција и комуникација на релација ученик-ученик. При наставниот процес наставниците воопшто не ја нагласуваат или истакнуваат етничката и религиозната припадност ниту пак нивното социјално потекло. Во училиштето постои добра интеракција меѓу учениците. Не постои поделба според род и етничка припадност. Ученичкиот парламент е многу активен. Одржани се предавања за дисциплината во нашето училиште, иницирани се креативни работилници, натпревари, изработка на лична книга и др. За сите активности уредно се водат записници. Сите реализирани активности имаа цел да го развијат другарството меѓу учениците, укажувајќи им дека преку нивна соработка ипомагање може да постигнат подобри резултати и да го збогатат своето знаење. За остварување на успешна итеракција во наставниот процес, наставниците користат разни форми, методи и средства преку кои се подобрува меѓусебната комуникација и социјализација и каде се почитува мислењето на секој поединец. Сите ученици се активно вклучени во наставата преку дискусија, поставување прашања, групни активности. Наставниците во таа непосредна интеракција со учениците, ја препознаваат нивната способност и знаења и ги мотивираат и поддржуваат за учество на разни натпревари и проекти.<br>1.9 На моите часови, учениците честопати работат на начини кои подразбираат интеракција помеѓу нив<br>19 responses<br> |

| | | |
|---|---|---|
| | | Резултати од извештајот на истиот се следиве: Најголем број од наставниците се согласуваат дека: „На моите часови, учениците честопати работат на начини кои подразбираат интеракција помеѓу нив“ од 19 анкетираните наставници. Од нив со целосно се согласувам одговориле 63,2% од анкетираните наставници, се согласувам одговориле 36,8% од анкетираните наставници.<br><br>Во анкетниот прашалник за ученици што е спроведен во нашето училиште учествуваа 41 ученик . Резултати од извештајот на истиот се следиве:<br>1.5 На најголем број од часовите, сите ученици сме активно вклучени во наставата (поставуваме, прашања, дискутираме, работиме во групи).<br>41 responses<br><br><br>Учениците се согласуваат дека: „На најголем број од часовите, сите ученици сме активно вклучени во наставата (поставуваме, прашања, дискутираме, работиме во групи) 48,8 % од испитаните одговориле со целосно се согласувам, 43,9 % од испитаните одговориле со сесогласувам, 7,3% од испитаните одговориле со не се согласувам.<br>1.8 Наставниците однапред ни објаснуваат што треба да знаеме за секоја оцена.<br>41 responses<br><br> |

| | | |
|---|---|---|
| | | На исказот„Наставниците однапред ни објаснуваат што треба да знаеме за секоја оцена “ учениците одговориле со целосно се согласувам 41,5% , 53,7% од испитаните одговориле со се согласувам, 2,4 % од испитаните одговориле не се согласувам, 2,4 % од испитаните одговориле со целосно не се согласувам.<br><br><br>На исказот „Наставниците ме пофалуваат за моите резултат“учениците одговориле со: 41,5% целосно се согласувам,51,2 % се согласувам мал ден не се согласуваат или во целост не се согласуваатодносно 7,3%. |
| | Реализација на образовна инклузија | Наставниот кадар и стручната служба ги идентификуваат образовните потреби на учениците како и потешкотиите во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно надминување. За учениците со потешкотии во учењето се упатуваат на дополнителна настава. Ученици со посебни образовни потреби работат по ИОП програма. Во училиштето се изработува ИОП програма за 1 ученик по претходно добиена согласност од родителите и мислење од МКФ. Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение/Одлука на директорот на училиштето. Тие редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно со законската регулатива. Со учениците со посебни образовни потреби се реализира настава/вонnаставни активности според ИОП и/или модифицирана програма според препораките од МКФ. Училиштето активно соработува со надлежниот ресурсен центар за унапредување на наставата за учениците со попреченост. Наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и да реализираат настава со ученици со ПОП. Пристапот во училиштето, просторот во ходниците и во училниците, тоалетите се приспособени на потребите на учениците со физичка попреченост. Наставниците ги оценуваат постигањата на учениците со ПОП во согласност со целите во индивидуалниот образовен план, во соработка со инклузивниот тим на ученикот. Училиштето обезбедува услови за учество на |

| | | |
|---|---|---|
| | | учениците со посебни образовни потреби во воннаставни активности согласно со нивните интереси. Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка. Наставниот кадар успешно соработува со образовните асистенти со цел за најдобар интерес на ученикот. Инклузивниот тим работи на професионалната ориентација за децата со посебни образовни потреби.<br><br><br>По тврдењето Успешно соработувам со образовните асистенти добиени се следниве резултати: 42,1% целосно се согласуваат со тврдењето, 42,1 се согласуваат, 15,8% одговориле не знам/ стара информација. |
| | Активности за меѓуетничка интеграција во образованието | ТУИ (тимот за училишна интеграција) го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирни во ГПРУ, проектните активности добиени преку грантови од МОН и други партнерски организации и за тоа подготвува годишни извештаи. ТУИ, исто така, се координира со Комисијата за МИО при локалната самоуправа за спроведување на општинските активности од Стратегијата за МИО и младински активизам. ТУИ редовно ги пополнува анкетните прашалници за потребите на Комисијата за унапредување на МИО при МОН, а примерок од пополнетиот прашалник се архивира во портфолиото за МИО. Во фокусот на оваа програма планирани се активности за негување, охрабрување и интегрирање на мултиетничките и мултикултурните вредности, градење хармонија. Наставниците во своите тематски планирања интегрираат и часови МИО. Наставниците предаваат годишно планирање два пати во годината, на полугодие и |

| | | |
|---|---|---|
| | | на крај година со одговорен наставник.<br><br>Како позитивна страна на ова е и тимот за изготвување апликации за унапредување на мултикултурализмот, партнерство со другите училишта кои што имаат потпишано меморандум со партнер училиште, „Лирија“ - с.Бузалково. Училиштето искажува позитивни перцепции и ставови за влијанието на реализираните активности за меѓуетничка интеграција. Реализираните активности придонесуваат за развој и унапредување на меѓуетничката интеграција и продолжување и продлабочување на соработката помеѓу двете училишта . Позитивно ја вреднува и промовира родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност. Планирани се заеднички наставни и/или вонннаставни активности со партнер училиштето за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените од истото или со друго училиште. Учениците без оглед на која етничка група и припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата, учат да ја почитуваат сопствената култура, културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Северна Македонија.<br>Реализираните активности придонесуваат за развој и унапредување на меѓуетничката интеграција и продолжување и продлабочување на соработката помеѓу двете училишта.<br>Од анализата на одговорите од прашалниците за наставници, во делот за МИО активностите од 19 анкетирани :<br><br><br><br>На исказот„Реализирам МИО(интеркултурни) активности со учениците според |

претходно направен план“ одговориле дека: 52,6% целосно се согласуваат, 36,8 проценти се согласуваат и 10,5% не се согласуваат.

Од анализата на одговорите од прашалниците за ученици:

1.20 Сум бил/а вклучен/а во активности заедно со ученици од други култури (од моето или од друго училиште)

41 responses




На исказот„Сум бил/а вклучен/а во активности заедно со ученици од други култури (од моето или од друго училиште) од вкупно 41 анкетирани ученици 41,5 % одговориле дека целосно се согласуваат, 53,7% одговориле дека се согласуваат и 4,8% не се согласуваат.

Од анализата на одговорите од прашалниците за родители:

1.7 Моето дете било вклучено во активност/и реализирана со ученици кои учат на различни јазици

36 responses




На исказот „Моето дете било вклучено во активност/и реализирана со ученици кои

| | | |
|---|---|---|
| | | учат различени јазици“Од вкупно 36 анкетирани родители одговориле со: 22,2% целосно се согласувам, 52,8% со се согласувам, 11,1 % одговориле со не се согласувам или во целосно не се согласувам, а 13,9 % одговориле дека не знам/немам информација. |
| **Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| - Анкета со учениците, родителите/старателите и наставниците;<br>- разговори во фокус групи со ученици, родители/старатели и наставници;<br>- разговор со стручна служба;<br>- увид во ученичките досиеја;<br>- увид во евиденцијата на стручните соработници | Средина и атмосфера за учење | Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Учениците во училиштето имаат пристап до различни материјали за учење.<br>Учениците сметаат дека начинот на кој се учи на најголем број од часовите во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот и за граѓанско учество. За време на часовите, најголем број од учениците се поттикнати самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.<br>Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот, а не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици. Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците. Во училиштето постои стимулирачка и поттикнувачка средина, која буди интерес за учење, а е прилагодена според можностите на училиштето. Трудовите на учениците се транспарентни и се изложуваат во училницата и во холот од училиштето. Трудовите / изработките се менуваат согласно со целите на наставата и учењето. Учениците сметаат дека она што се учи во училиштото е интересно и е поврзано, применливо и корисно во секојдневието. Учениците се задоволни што учат во училиштето. Им се допаѓа училиштето воопшто, а осебно наставниците кои користат разни методи за да ги стимулираат да учат, начинот на предавање, односот на наставниците, педагогот и директорот, како и отворената комуникација.Наставниците ги оспособуваат учениците да можат да превземат одговорност за зачувување и одржување на училишната средина во училиштето и училишниот двор и поттикнуваат позитивна атмосфера за време на наставата. Наставниците ги планираат и реализираат активностите од еко стандардите, планирани во годишните планирања, со цел развивање на нивната еколошка свест. Учениците се поттикнуваат самостојно да размислуваат, да учествуваат во воспитно-образовниот процес, се охрабруваат активно да учествуваат во проекти и нивните трудови, |

пофалници, освоени награди се изложуваат на соодветни места во училиштето. Учениците се задоволни од опременоста на училниците и кабинетите, наставниците се задоволни од условите за работа во училиштето, но сметаат дека секогаш е добро да се надополнуваат и надградуваат условите за работа (набавка на нови современи нагледни средства), но имаат замерка во однос на одржувањето на хигиена во училиштето.

Од анкетите  направени со родителите за средина и атмосфера за учење од анкетирани 36 родители:




На исказот„Училиштето го чуствувам како безбедна средина за моето дете“ 36,1% одговориле со целосно се согласувам, а 61,1% со се согласувам. Мал дел 2,8% не се согласуваат.




На исказот „Училиштето го чуствувам како мотивирачка средна за моето дете“ 25%

| | | |
|---|---|---|
| | | од анкетираните родители со целосно се согласуваат, а 75% се согласуваат со овој исказ. |
| | Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците | Наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците. Во процесот на учење преземаат активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето. Најголем број наставници, во соработка со стручните соработници, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели. Наставниците и стручната служба ги идентификуваат образовните потреби на учениците, ги прилагодуваат наставните програми, односно изготвуваат ПОП за децата со посебни образовни потреби според нивните способности. Образовните потреби на учениците се идентификуваат според постигнатите резултати по одреден предмет, интересот на учениците во одредени области за време на наставата и воннаставните активности. Наставниците користат различни методи на учење и поучување на учениците, како и различни инструменти за оценување, тие ги поттикнуваат учениците објективно да го проценат своето знаење. Учениците учествуваат во работата на ученичката заедница, поттикнати од наставниците посетуваат дополнителна и додатна настава, а наставниците и стручната служба организираат средби, советувања, работилници со родители и ученици. Учениците се запознати од страна на наставниците со целите и очекувањата од учењето, критериумите на оценување, добиваат јасни насоки за тоа како да го подобрат своето знаење, но сакаат да бидат поактивно вклучени во процесот на оценување. Од анкетите со наставниците добиени се информации дека: |

1.5 Задачите и активностите на часовите ги приспособувам на индивидуалните образовни потреби на учениците

19 responses




Од анкетата спроведена на 19 наставници за „Задачите и активностите ги приспособувам на индивидуалите образовни потреби на учениците“ 47,4% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат и исто толку одговориле дека се согласуваат , мал дел од наставниците  односно 5,2 % се изјасниле дека не знаат/ стара информација .

Од анкетите со родителите  добиени се информации дека:

1.4 Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на моето дете

36 responses




Од анкетата спроведена на 36 родители за „Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалите потреби на моето дете “ -  27,8% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат, 61,1% се согласуваат , не се согласуваат 5,5 % и мал дел од наставниците односно 5,5% се изјасниле дека не

| | | |
|---|---|---|
| | | знаат/ стара информација . |
| **Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| в | Училишна политика за оценување | Училиштето применува однапред дефинирана политика за оценување, вклучувајќи и кодекс за оценување, чија основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Училиштето на ниво на стручни активи има изградени критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања. Усогласените критериуми во стручните активи, наставниците ги користат за оценување на учениците и со нив се запознаени учениците и родителите. Најголемиот број наставници применуваат формативно оценување. Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците. Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Во училиштето редовните и изборните наставни предмети се оценуваат описно и со бојчани оценки од недоволен (1) до одличен (5).Опсино се оценуваат учениците со искази за високо, средно и ниско ниво од I до III во текот на целата учебна година и учениците од IV до VI одделение до трет класификационен период во тековната учебна година. |

**Преглед на средниот успех на учениците за крај на учебната 2023 -2024 година**

| Одд. | Вкупно Ученици | | Описно Оценети ученици | Бројчано Оценети ученици | Одличен успех | Многу добар успех | Добар успех | Дов. успех | Со 1.сл | Со 2.сл | Со 3 и повеќе слаби | Среден Успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | се | ж | | | број | број | Број | број | број | број | број | 2023-24 |
| I | 11 | 8 | 11 | | | | | | | | | |
| II | 9 | 5 | 9 | | | | | | | | | |
| III | 10 | 6 | 10 | | | | | | | | | |
| **I-III** | **30** | **19** | **30** | | | | | | | | | |
| IV | 6 | 2 | | 6 | 4 | 1 | 1 | | | | | 4,50 |
| V | 9 | 5 | | 9 | 6 | 3 | | | | | | 4,53 |
| VI | 5 | 2 | | 5 | 2 | 3 | | | | | | 4,39 |
| **IV-VI** | **20** | **9** | | **20** | **12** | **7** | **1** | | | | | **4,48** |
| VII | 11 | 5 | | 11 | 8 | 1 | 2 | | | | | 4,49 |
| VIII | 14 | 6 | | 14 | 6 | 3 | 5 | | | | | 4,05 |
| IX | 8 | 3 | | 8 | 2 | 3 | 2 | 1 | | | | 3,70 |
| **VII-IX** | **33** | **14** | | **33** | **16** | **7** | **9** | **1** | | | | **4,09** |
| **Вкупно** | **83** | **42** | **30** | **53** | **28** | **14** | **10** | **1** | | | | **4,23** |

**Средниот успех на учениците за крај на учебната 2023-2024 година изнесува 4.23**

Преглед на успехот на учениците кои се описно оценети за крај на учебната 2023-2024 година на ниво на училиште:

- Во високо ниво се оценети вкупно: 26 ученика
- Во средно ниво се оценети вкупно: 3 ученика
- Во ниско ниво се оценети вкупно: 1 ученик

Оценувањето на учениците се изврши согласно стандардите за оценување во наставните програми, следењето, проверувањето и оценувањето на учениците беше континуирано, систематски и јавно. Успехот по одделенија е внесен во инструментите наменети за одделенски совет за наставниците, инструментите на педагогот на училиштето и во записничка книга.

Преглед на успех и среден успех бројчено и описно во учебната 2023-2024 година (Превземено од Годишен извештај за учебна 2023-2024 година)

Поведението на учениците се оценува како примерно, добро и незадоволително.

**Преглед на поведение на учениците**

| Одделение | I | II | III | IV | V | I-V | VI | VII | VIII | IX | VI-IX | I-IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Примерно | 11 | 9 | 10 | 6 | 9 | **45** | 5 | 11 | 14 | 8 | **38** | **83** |
| Добро | | | | | | | | | | | | |
| Незадоволително | | | | | | | | | | | | |

**Ученици со изречени педагошки мерки**

Усна опомена: **нема.**
Писмена опомена: **нема.**
Укор : **нема.**
Преместување на ученик во друга паралелка: **нема.**
Намалување на поведението: **нема.**
**Поведението на сите 83 ученика е примерно за крај на учебната 2023-2024 година.**

Преглед на поведение кај ученици
(превземено од Годишен извештај за учебна 2023-2024 година)

Учениците и родителите (на родителски средби) се запознаваат со стандардите и критериумите за оценување. Поголем дел од наставниците ги имаат посететно

обуките за унапредување на оценувањето на која се запознаа со принципите и стандардите за оценување, како и со видовите оценувања (формативно и сумативно оценување).

Од анкетата за наставници може да заклучиме дека најголем број од анкетираните наставници се сложуваат дека постојано ги поттикнуваат и поддржуваат учениците во учењето и им даваат јасни критериуми за оценувањето.

1.16 Редовно ги пофалувам учениците за вложениот труд

19 responses




На исказот „Редовно ги пофалувам учениците за вложениот труд“ со целосно се согласиле одговориле 73,7%, а со се согласувам одговориле26,3%

1.17 На учениците им кажувам што добро научиле а што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања

19 responses




На исказот„На учениците им кажувам што добро научиле а што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања“ наставниците одговориле : 57,9% со целосно се согласувам, 42,1% со се согласувам.

| | | |
|---|---|---|
| | | 1.15 Редовно ги пофалувам учениците за постигнатите резултати<br>19 responses<br><br>На исказот„Редовно ги пофалувам учениците за постигнатиот резултат“ наставниците одговориле : 78,9 % со целосно се согласувам, 21,1% со се согласувам.<br>1.21 Учениците редовно ги вклучувам во оценувањето (самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми и сл.).<br>19 responses<br><br>На исказот„Учениците редовно ги вклучувам во оценување(самооценувње,меѓусебно оценување, градење критериуми и сл.)“ наставниците одговориле : 57,9% со целосно се согласувам, 36,8 % со се согласувам и 5,3 % не се согласувам. |

1.18 Ги запознавам учениците што треба да знаат и умеат за секоја од оценките

19 responses




На исказот„Ги запознавам учениците што треба да знаат и умеат за секоја оценка“ наставниците одговориле : 47,4% со целосно се согласувам, 42,1 % со се согласувам и 10,5 % не се согласувам.

1.19 На учениците им давам насоки како поуспешно да учат

19 responses




На исказот„На учениците им давам насоки како поуспешно да учат“ наставниците одговориле : 68,4 % со целосно се согласувам и 31,6 % со се согласувам.

Од анкетата со ученици може да заклучиме дека:

| | | |
|---|---|---|
| | | 1.11 Наставниците редовно ме известуваат за моите постигнувања и начините за нивно подобрување.<br>41 responses<br><br><br>На исказот„Наставниците редовно ме известуваат за моите постигнувања и начините за нивно подобрување “ учениците одговориле дека: 36,6% во целост се согласуваат, 56,1% се согласуваат, 2,4 % одговориле дека не се согласуваат,2,4% целосно не се согласуваат и 2,4% не знаат/ немаат информација.<br>1.13 Наставниците ме пофалуваат за мојот труд<br>41 responses<br><br><br>На исказот„Наставниците ме пофалуваат за мојот труд “ учениците одговориле дека: 41,5% во целост се согласуваат, 46,3% се согласуваат, а останатите 12,2 % одговориле дека не се согласуваат или немаат информација.<br>Од анкетата со родителите може да заклучиме дека: |




На исказот„Наставниците го пофалуваат моето дете за постигнатите резултати " анкетираните родители одговориле дека: 19,4 % целосно се согласуваат, 77,8 % се согласуваат и 2,8 % одговориле дека не се согласуваат.




На исказот „Наставниците му даваат насоки на моето дете како подобро да учи" родителите одговориле дека: 25% целосно се согласуваат, 69,4% се согласуваат и 5,6% не се согласуваат или не знаат / немаат информација.




На исказот „Наставниците ме запознаваат со критериумите за оценување по

| | | |
|---|---|---|
| | | нивниот предмет " родителите одговориле дека: 25% целосно се согласуваат, 69,4% се согласуваат и 5,6% не се согласуваат или не знаат / немаат информација. |
| | Методи, форми и инструменти на оценување | Наставниците користат разновидни наставни методи и форми на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење, како и поставените цели на часот. За реализација на наставните содржини користат и техники: грозд, коцка, инсерт, вртелешка, бура на идеи, учење на станици, Венов Дијаграм, Ѕвезда на приказната, Двоен дневник, Т - табела и др. Наставниците ги планираат сите задачи и активности кои треба да се реализираат на часовите или дома, како училишни или домашни задачи, проектни активности, а истите се прилагодени на потребите на учениците за да ги постигнат предвидените цели на наставата. Наставниците редовно ги оценуваат учениците и ги бележат нивните постигања, при што користат повеќе методи, техники и инструменти за оценување како што се тестови, контролни прашања, писмени работи, извештаи, портфолија, чек листи,бодовни листи. Најголем број од наставниците редовно ги оценуваат учениците и водат евиденција за оцените. Најголем број од наставниците користат разни инструменти за оценување и вреднување на учениците и континуирано го следат напредокот на учениците. При оценувањето поголем број од наставниците го земаат предвид и мислењето на учениците и даваат информации со кои им помагаат да ги подобрат постигањата. Описното и бројчаното оценување се изведуваат по пат на формативно оценување односно континуран процес на следење, проверување и вреднување на постигањата на учениците за обезбедување на објективни докази за тоа како ученикот учи и напредува, во што покажува добри резултати, а што треба да подобри.(Неговите резултати се користат за да му се даде повратна информација, објаснување и насоки за понатамошна работа. Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активност, мотивираноста, ангажираноста, посветеноста во работата, тимската работа.) и сумативно оценување односно мерење на постигањата на ученикот на крајот на определена наставна целина или на даден временски период (тримесечје, полугодие, крај на учебната година), а резултатите се користат за да се оформи оценка за дотогашните постигања. Наставникот во процесот на оценување користи различни, специфични методи и инструменти за оценување како : усмено проверување (разговор, дискусија, усно излагање, усно испрашување, невербално изразување на наученото, опишување и претставување со моделирање), методи за |

| | | |
|---|---|---|
| | | оценка на писмени одговори (тестови и одговори на прашања), други пишувани трудови (есеи, литературни трудови, извештаи од истражувања) и изработки (цртежи, модели, графички прикази, портфолио), методи на проверка на практична оспособеност (драмски, музички, физички изведби, практична работа).<br>Од анкетата спроведена со 41 ученик добиени се информации дека:<br><br><br>На исказот „Наставниците користат различни начини за проверка на моите знаења(усна проверка, тестови,наставни листови и сл.) од анкетирани 41 ученик со целосно се согласувам одговориле 58,5% , со согласувам одговориле 39% и 2,5% не се согласуваат. |
| | Коефициент на континуитет на успехот на учениците | Секој наставник го следи напредокот на учениците во учењето, а го оценува преку: усни проверки, писмени работи, тестови на знаење, чек листи, белешки, домашни работи на учениците, самостојни и групни проекти, активно учество на учениците на часот, степенот на развиено критичко мислење, вклучување во дебати и дискусии, итн. Оттука следува дека добиената оценка е синтеза на повеќе аспекти, а различните приоди во оценувањето им овозможуваат на учениците да ги подобруваат постигањата. Оценувањето е праведно, транспарентно и секогаш проследено со образложение и дискусија од страна на наставникот и учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања. Учениците се вклучуваат во процесот на оценување и преку самооценување и меѓусебно оценување. Коефициентот на континуитетот на успехот на учениците е статистички показател кој го мери степенот на стабилност или конзистентност во постигнувањата на учениците низ одреден временски период. Ово коефициент помага во анализа на тоа колку е стабилен успехот на учениците во училиштето, |

што може да укаже на нивото на континуираното ангажирање, ефикасноста на наставните методи и приспособливоста на учениците кон различни наставни содржини и оценки. Наставниците подготвуваат извештаи и анализи по класификациони периоди, кои ги доставуваат до службата и раководниот кадар на училиштето. Истите, се обработуваат, сумираат и презентираат на Наставнички совет, а потоа и на Советот на родители, Училишниот одбор, Општина Велес и МОН и се чуваат како Полугодишни и Годишни извештаи за работата на училиштето во кои табеларно, прецизно и споредбено се евидентирани постигнувањата на учениците во нашето училиште.Просечен успех на учениците:

**Споредбена анализа на средниот успех на учениците на крај на учебните години**

| Учебна година | Број на ученици | | Повторува | | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|
| | се | ж | се | ж | |
| **2020/2021** | 84 | 37 | / | / | 4.46 |
| **2021/2022** | 86 | 40 | / | / | 4.47 |
| **2022/2023** | 84 | 39 | / | / | 4,33 |
| 2023/2024 | **83** | **42** | / | / | **4,23** |

Споредбената анализа на средниот успех на учениците од минатите учебни години и последната учебна 2023-2024 година, покажува дека успехот **е намален** во последната учебна година.

Преглед на средниот успех на учениците во изминатите 4 учебни години.
(превземено од Годишна програма за учебна 2024-2025 година)

Користење на информациите од оценувањето во наставата

Наставниците ги користат сите информации добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата. Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава

Од анкетите за наставници кои ги одговориле 19 наставници добиени се следниве информации :

1.18 Ги запознавам учениците што треба да знаат и умеат за секоја од оценките

19 responses




Врз основа на резултатите добиени од прашалникот наменет за наставници по однос на прашањето, „Ги запознавам учениците и родителите што треба учениците да знаат и умеат за секоја оцена“ 47,4% се изјасниле „целосно се согласувам“, 42,1% се изјасниле со „се согласувам“ и 10,5% „ не се согласувам“ по истото прашање.

Од анкетите за ученици кои ги одговориле 41 ученик  добиени се следниве информации :

1.9 Наставниците ми објаснуваат зошто сум добил/а одредена оцена.

41 responses




На исказот„Наставниците ми објаснуваат зошто сум добил/а одредена оцена “ ученицте одговориле дека 41,5% целосно се согласувам, 53,7% се согласувам, мал дел 4,8% одговориле со не се согласувам или целосно не се согласувам.

| | | |
|---|---|---|
| | | |

| **Индикатор 1.5 Вonнаставни активности и натпревари** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| - Годишна програма за работа;<br>- програми за воннаставни активности;<br>- извештај од реализирани екскурзии;<br>- педагошка евиденција и документација;<br>- дипломи, признанија,пофалници од учество на манифестации и натпревари;<br>- интервјуа/анкети со наставници, родители/старатели, ученици и стручните соработници за воннаставни активности;<br>- записници од стручни | Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности | Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Во училиштето се планираат и реализираат голем број на разновидни воннаставни активности (секции, клубови, проекти, работилници, екскурзии итн.). Преку нив учениците ги прошируваат и продлабочуваат своите знаења, го организираат своето слободно време, но во исто време и самите се афирмираат со постигнување на солидни резултати. Овие активности можат да бидат од краткотраен и долготраен карактер и ги одразуваат потребите и интересите на учениците служејќи за поддршка на нивниот личен и социјален развој. Во некои воннаставни активности учествуваат сите ученици од одделенска и од предметна настава без исклучоци, а во некои репрезентативен број од одделение/паралелка или генерација според возраста. Вклученоста на учениците во воннаставни активности е голема. Слободните ученички активности се организираат во областа на науката, техниката, уметноста, спортот, самозаштитата, унапредувањето на здравјето или со учество на учениците во културно-уметнички и општествено – хуманитарни активности. На тој начин во училиштето се создаваат можности учениците кои имаат интерес за одредени области и предмети, без оглед на успехот во редовната настава, да се вклучат и да се потврдуваат со своите постигања. Личниот интерес на ученикот има примарно значење во изборот на воннаставните активности. Можноста за поврзувањето на содржините со слободните ученички активности зависи од интересот на учениците, но сепак, без оглед на корелацијата со наставата, со слободните ученички активности се збогатува воспитно - образовната работа на училиштето со што тоа станува попривлечно за учениците. |

<table>
<tr>
<td>
активи и ученичка заедница;<br>
- список на ученици вклучени во вонnаставни активности;<br>
- увид во интернет-страницата, во весниците, програмата на радиото, социјалните мрежи итн.;
</td>
<td></td>
<td>
12.1. Екскурзии, излети и настава во природа<br>
Врз основа на добиената согласност со правилникот (бр.12-11297/1 од 15 10 2020 година за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, беа планирани следниве релации, во прилог на табелата:
<table>
<tr><th>Програмски активности</th><th>Забелешка</th></tr>
<tr><td>Еднодневен излет во блиската околина за учениците од I-IX одделение- Езеро Младост- Велес (успешно релизиран)</td><td rowspan="2">Успешно се реализираше теренска настава во Крушево по барање на родителите</td></tr>
<tr><td>Еднодневна екскурзија за учениците од III одделение Дојран<br>Дводневна екскурзија за учениците од VI и IX одделение е локацијата Охрид-Струга<br>Забелешка : Еднодневната и дводневната екскурзија не се реализирани поради мал број на ученици (според правилникот)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Стручен тим за екскурзии: Трајче Недев (директор), Катерина Петрова (наставник по географија), Александар Ѓеорѓиев (наставник по историја).</td></tr>
</table>
Прилог 7: Табела за ескурзии, излети и настава во природа (превземено од Годишен извештај за учебна 2023-2024 година)<br>
Вонnаставните активности се достапни за сите ученици. Наставниците им даваат еднаква можност на сите ученици да се вклучат во вонnаставните активности.<br>
Од анкетите за родителите на исказот:<br>
1.17 Училиштето нуди избор на различни вонnаставни активности (клубови, проекти и сл.)<br>
36 responses<br>

<br>
„Училиштето нуди избор на различни вонnаставни активности( клубови,проекти и сл.) од анкетирани 36 родители одговориле дека 75% се согласуваат, 13,9 % не знаат/ немаат информација, 5,5 % целосно се согласуваат и 2,75% не се согласуваат и 2,75% целосно не се согласуваат.
</td>
</tr>
<tr>
<td></td>
<td>Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со вонnаставните</td>
<td>Опфатеноста на учениците од различен пол и јазик на наставата во вонnаставните активности е од суштинско значење за создавање на позитивна училишна средина. Обезбедувањето еднакви можности за учество на сите ученици, без оглед на нивниот пол или јазична припадност, не само што ги поттикнува напоголем</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | активности | ангажман, туку и ги развива нивните социјални, културни и меѓусебни вештини. Внимание се посветува на создавање активности кои се достапни и прифатливи за учениците од различен пол, со цел да се обезбеди нивно активно учество и да се избегнат стереотипите што можат да ги ограничат. Со новиот концепт на образование учениците од I,II,III,IV,V и VI одделение секојдневно имаат воннаставни активности во кои сите ученици имаат пристап до информации и можности за учество во воннаставните активности, без разлика на нивниот пол или јазик. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат во различни манифестации и натпревари од различни области што се организираат на локално, национално или на меѓународно ниво. Придобивките од овие учества се многубројни: соработка, другарување, лична надоградба и усовршување во одредена област, зголемување на самодовербата и натпреварувачкиот дух на учениците, стекнување на дипломи и благодарници. Со постигнатите успеси на натпревари и учеството на разни манифестации позитивно се влијае на афирмација на училиштето. Сите достигнувања на учениците се истакнати на веб страната на училиштето во делот Конкурси - натпревари (www.stojanburcevski.edu.mk) и на ФБ на училиштето. Според новата концепција на основно образование вклученоста во воннаставните активности се бележи во посебен образец од педагошката евиденција и документација и во додатокот на свидетелството. Сите ученици се вклучени барем во една воннаставна активност. |
| | Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности | Во училиштето се организираат краткотрајни и долготрајни активности со цел учениците да ја развијат својата индивидуалност, да ја зајакнат својата самодоверба да станат самостојни, отворени, креативни и изградени личности. Преку воннаставните активности кај учениците се поттикнува нивната креативност која резултира не само во подобрувањето во нивните постигања, туку и во нивните потенцијали во развивање на други вештини. Во училиштето често се организираат и реализираат посети на институции од научно-истражувачи, едукативен и забавен карактер како на пример: посета на музеј, кино, театар (посетени многубројни театарски претстави), приредби кои се организирани по повод патронен празник на училиштето каде што голем број на ученици земаат учество, спортски активности и сл. Во рамките на училиштето се организираат воннаставни активности,како што се маскенбали, приредби, организирање на масовни работилници.Учества на базари особено за празници и важни датуми како Новогодишен базар, Базар за празникот на мајките, Велигденски базар и сл). Преку воннаставни активности се |

| | | |
|---|---|---|
| | | организираат општественохуманитарни-собирни акции (финансиска помош за социјално-ранлива категорија на семејства или здравствени проблеми (парични средства, храна, новогодишни пакетчиња). Најголем број ученици се вклучени барем во една воннаставна активност кои се прилагодени според индивидуалните потреби и можности на учениците. Најголем број од учениците се запознаени со воннаставните активности кои се нудат во училиштето. Во училиштето се реализираат воннаставни активности предложени од учениците. Учениците се вклучуваат во воннаставните активности според сопствен избор, низ транспарентна процедура. Учениците се вклучени во подготвувањето на програмите за воннаставни активности.<br>Од анкетите за наставници на исказот:<br><br>„Планот за вонаставни активности кои ги водам,го изготвувам заедно со учениците“ од анкетирани 19 наставници одговориле дека 10,5% целосно се согласувам, 63,2% се согласувам и 26,3% не се согласувам.<br>Од анкетите за ученици на исказот: |

<table>
<tr><td></td><td></td><td>1.19 Наставниците ме вклучуваат во подготвувањето и планирањето на вонаставните активности.<br>41 responses<br><br><br>„Наставниците ме вклучуваат во подготвувањето и планирањето на воннаставните активности“ од вкупно анкетирани 41 ученик одговориле со: целосоно се согласувам 29,3%, се согласувам 58,5% и не се согласувам 12,2 %.</td></tr>
<tr><td></td><td>Натпревари</td><td>Иако мал е изборот на ученици, со голем труд од страна на наставниците, нашето училиште покажува високи резултати, во однос на учеството и освоените награди на натпреварите. Учествата се однесуваат на оние ученици, кои покажуваат особен успех по одделни наставни предмети и кои, напоредно, земаат учество на училишни, општински, регионални и државни натпревари, како и на распишани конкурси и други форми на натпревари, организирани по повод на државни празници, јубилејни прослави и слично. Учениците работат на проекти, учествуваат на различни манифестации и постигнуваат високи резултати на натпреварите од различни области, организирани од акредитирани здруженија на општинско, регионално и државно ниво. Учениците од училиштето активно се вклучуваат во различни натпревари и манифестации, при што нивното учество и постигнатите резултати се документирани во официјалните училишни извештаи и на веб страната на училиштето. Според Годишната програма за работа и Годишниот извештај за постигнувања на учениците од натпревари, се забележува континуирана вклученост на учениците во натпреварувачки активности, со што тие ги продлабочуваат своите знаења и развиваат натпреварувачки дух. Прегледот на педагошката евиденција и документација, како и увидот во дипломите, признанијата и пофалниците, потврдува дека учениците учествувале на општинско,</td></tr>
</table>

регионално и државно ниво во различни категории. Дополнително, увидот во записниците од стручните активи и ученичката заедница покажува дека наставниците редовно дискутираат за постигнувањата и начини за подобрување на подготовките за идните натпревари. Списокот на ученици вклучени во натпреварите, како и анализата на интернет-страниците, весниците и социјалните мрежи, ја потврдуваат афирмацијата на нивните успеси и нивното истакнување во јавноста. Овие податоци укажуваат на посветеност од страна на училиштето за поддршка и промоција на ученичките достигнувања, со што се создава позитивна средина за мотивација и напредок.

Од анкетите за учениците во кои беа вклучени 41 ученик :




На исказот „Наставниците ме подржуваат и мотивираат да учествувам во различни натпревари “ со целосно се согласувам одговориле 43,9%, се согласувам 41,5%, не се согласувам 9,8% и целосно не се согласувам 4,8 %.



| | | |
|---|---|---|
| | | На исказот„ Наставниците ме подржуваат и мотивираат да учествувам во различни проекти“ со целосно се согласувам одговориле 36,6%, се согласувам 46,3 %, не се согласувам 14,6 % и целосно не се согласувам 2,5 %.<br><br>Од анкетите за родители во кои се опфатени 36 родители на исказот:<br><br>„Наставниците го пофалуваат моето дет за вложениот труд“ одговориле со: целосно се согласувам 25%, се согласувам 72,2% и не се согласувам 2,8%. |

## Подрачје 1: Планирање, настава и учење

**Опис/резиме на подрачјето**

Во нашето училиште успешно се реализираат наставните планови и програми одобрени од МОН со одредени прилагодувања на индивидуални психофизички способности на учениците и можноста за вклучување на родителите во реализацијата на истите. Сите видови на настава: задолжителна, изборна и слободните ученички активности како и дополнителната и додатната настава и воннаставни активности се квалитетно планирани и реализирани што им дава можност на учениците активно да се вклучат во нивна реализација без разлика на полот, етничата припадност и разликите во способностите. Наставниците изготвуваат навремени планирања за воспитно образовната работа.Изготвуваат различни видови на планирања кои овозможуваат воспоставување корелација меѓу предметите кои се интегрираат и целосно ангажирање на ученикот во решавањето на проблемите и задачите. За

збогатување на наставата во работата со учениците се користат различни методи и техники на учење кои му овозможуваат на наставникот да добие правилна слика за напредувањето на учениците во учењето и развојот, се поттикнува критичкото мислење кај учениците од сите возрасти и во рамките на сите наставни предмети.Училиштето е отворено за родителите и за сите оние кои се заинтересирани за неговото работење. Училишната средина ги стимулира и мотивира подеднакво учениците од двата пола преку воннаставни активности, промовирање и изложување на ученички трудови, резултати од натпревари. Современата и квалитетна настава е еден од главните фактори кои влијаат на подобрување на постигањата на учениците.Во нашето училиште тоа се постигнува со воведување на нови, современи методи и техники на учење, активно учество на учениците во наставата, преку изготвување на разни проекти, портфолиа и друго, вклучување на надворешни лица кои во рамките на својата дејност придонесуваат за подобрување на квалитетот и квантитетот на знаењата и постигнувањата на учениците. Во процесот на следење и оценување на нивните знаења учениците подеднакво се третираат, оценувањетое праведно, јавно и транспарентно. Постигањата на учениците редовно се следат и споредуваат од страна на Наставничкиот совет. Подеднакво се работи на подобрување на успехот и со оние ученици кои имаат потешкотии во учењето кои се вклучени со инклузија и со надарените и талентирани ученици. Со добро организирана стратегија и план за работа на сите ученици им се овозможува успешно да го завршат своето основно образование.Наставниците изготвуваат различни видови на планирања кои овозможуваат воспоставување корелација меѓу предметите кои се интегрираат и целосно ангажирање на ученикот во решавањето на проблемите и задачите. Наставниците најмалку два пати во полугодие разменуваат искуства за планирањата во рамки на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта, а како резултат на тоа подобрени се планирањата кај најголем број од наставниците. Во училиштето се вклучени и ученици со посебни образовни потреби во редовниот образовен систем, но со нив се работи според индивидуални образовни планови и програми кои се изработуваат според потребата, а наставниците индивидуално ги изработуваат. Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Стручната служба ја следи процедурата за изборните предмети. Ја спроведува со анкетни листови и ги сумира податоците, а според тоа се прави распоредот за наставниците. Наставниците, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците, а исто така користат различни приоди и ресурси за учење и настава. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби.Најголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови. Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Најголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување сите ученици за време на наставните часови.

**Силни страни**

- Училиштето им дава поддршка на наставниците за поуспешно подготвување и осовременување на планирањето.
- Наставниците користат стратегии на поучување кои соодветствуваат на образовните потреби и можности на учениците и нивните стилови на учење.

- Различните ресурси се употребуваат на функционален начин и во насока на примена на современи приоди во наставата.
- Следењето на планирањето на наставници редовно се врши од страна на стручната служба
- Соработка и размена на искуства при изработка на планирањата меѓу самите наставници и наставниците со стручната служба и менторот на училиштето
- Во планирањата на наставниците се интегрирани часови со примена на ИКТ, ЕКО и активности од ПМИО
- Во наставата се користат различни форми, методи, техники и форми на оценување.
- Во училиштето постои мотивирачка и поттикнувачка средина, која буди интерес за учење
- При оценувањето наставниците користат различни форми и методи и редовно даваат усна и писмена информација за напредокот и постигањата на учениците.
- Поголем број од наставниците имаат индивидуален пристап кон секој од учениците
- Оценувањето е праведно, транспарентно и скоро секогаш проследено со образложение и дискусија од страна на наставникот и учениците
- Во училиштето работи Училишен инклузивен тим.
- Во училиштето има добри примери на активности преку кои се негува меѓуетничката интеграција во образованието и мултикултурализмот.
- Учениците го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина.
- Наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци.
- Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот.
- Училиштето системски ги идентификува образовните потреби на учениците и презема активности за задоволување на истите.
- Училиштето планира и реализира воннаставни активности кои ги одразуваат и задоволуваат потребите и интересите на учениците и кои го поддржуваат нивниот личен и социјален развој.

**Слаби страни**

- Во училиштето нема можност за реализација на продолжена настава, потешкотии во реализирање на редовна, дополнителна, додатна и вонаставни активности поради ограниченост со просторни услови
- Потреба од дополнителен простор за изведување на настава
- Недоволна информираност на родителите за активностите во училиштето кои вклучуваат ученици од различни култури.
- Недоволна покриеност со алатки за современа настава (лаптопи, дигитални уреди за учениците)

**Приоритети**

- Поголема соработка на стручните активи при избор на слободни изборни предмети
- Изготвување на програми за слободни изборни предмети спрема потребите на учениците
- Создавање услови за целосно реализирање на воннаставните активности и дополнителната и додатната настава

- Поголема соработка меѓу стручните активи во училиштето во реализацијата на вонаставни активности
- Обезбедување поголеми финансии преку проекти и донации
- Обезбедување на интерни дополнителни обуки во училиштето за потребите на наставниците

**Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации**

(се внесуваат обработени резултати од анкетите со сите чинители (% на одговори по прашања на анкетните прашалници), резимеа од квалитативна анализа што се однесува на наменско набљудување, анализа на одговорите од интервјуата и дискусиите во фокус групите

| |
|---|
| Анкета за родители/старатели<br><br> |
| Анкета за наставници<br><br> |
| Анкета за ученици |

| |
|---|
|  |
| Резиме (главни наоди) од интервјуа со директор/стручна служба |
| Резиме (главни наоди) од фокус групи |
| Наоди од набљудување часови |
| Наоди од други видови набљудувања |

## ПОДРАЧЈЕ 2: Постигања на учениците

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **2.1 Постигања на учениците**<br><br>**2.2 Мерки за подобрување на постигањата** |

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 2.1 Постигања на учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Е-дневник;<br><br>записници од родителски состаноци;<br><br>Годишни извешати<br><br>Годишни програми<br><br>анализи на постигања по различни критериуми и квалификациски периоди и<br><br>акциски план за подобрување;<br><br>анкети со ученици, наставници, родители. | Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди | Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците .Тие резултати се сумираат на крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година по сите наставни предмети . Постигнувањата на учениците се следат континуирано и за секој класификационен период се прават анализи на успехот по предмети, паралелки, учебни години итн. За секој класификационен период се изготвува графички приказ во кој процентуално се прикажани постигнатите резултати. Успехот од година во година или од период во период варира незначително.<br><br>Учениците од I до IV одделение описно се оценуваат.<br>Учениците во текот на целата учебна година се следат и оценуваат и успехот кај учениците од V и VI одделение до трето тримесечие се оценува описно, а на крајот на учебната година нивниот успех се оценува со оценки (бројчано).<br><br>Останатите ученици од VII, VIII и IX одделение во текот на целата учебна година се оценуваат бројчано. За објективно оценување и вреднување на стекнатите знаења на учениците се користат контролни задачи, неформални тестови на знаења и писмени работи.<br><br>Оценувањето е континуирано со постојано следење на развојот на ученикот со однапред утврдени критериуми за потребното ниво. Наставниците водат евиденција за напредување на секој ученик, ученичко портфолио, во кое се содржани тестови, наставни листови со повратна информација, чек листи и разни изработки од учениците. Наставата во нашето училиште се изведува на македонски јазик од прво до деветто одделение. За постигањата на учениците, родителите редовно се известуваат преку родителски средби и давање на евидентни листови за успех и поведение. Исто така, родителите имаат можност тоа да го прават и преку електронскиот дневник и индивидуални средби.<br>Средниот успех на ниво на училиште е следен: |

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td>Прво полугодие од учебна 2023/2024 година е 3,94 а прво полугодие од учебна 2024/2025 година е 3,96. Крај на учебна 2024/2025 година среден успех е 4,20.<br><br>
<table>
<tr><th>Класификационен период</th><th>Прво полугодие</th><th></th><th>Второ полугодие</th><th></th></tr>
<tr><td>Учебна година</td><td>2023/2024</td><td>2024/2025</td><td>2023/2024</td><td>2024/2025</td></tr>
<tr><td>Среден успех на ниво на училиште</td><td>3.94</td><td>3.96</td><td>4.23</td><td>4.20</td></tr>
</table>
<br>
Во нашето училиште нема дискриминација според полова и етничка припадност. Најголем дел од учениците се Македонци. Иако застапеноста на ученици од други етнички заедници е мала сепак учениците се подеднакво третирани и континуирано се следи нивниот успех.</td>
</tr>
<tr>
<td></td>
<td>Резултати од екстерни тестирања</td>
<td>Нашето училиште нема спроведено екстерно тестирање и затоа не можеме да се поткрепиме со докази и резултати.</td>
</tr>
<tr>
<td></td>
<td>Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост</td>
<td>Во нашето училиште имаше  идентификувано една ученичка со потешкотии во учењето и со програма ПОП. Ученичката учењето го следеше задно со својот образовен асисент. Со самиот уписот на учениците во I одделение  се идентификуваат доколку постојат ученици кај кои се забележуваат одредени ограничувања во развојот, посебни образовни потреби или пак изразени напредни способности. Стручната служба ги запознава одделенските наставници со ваквите случаи и понатаму се следи нивното прилагодување односно напредување во наставата. Сепак, наставниците се соочуваат со одредени проблеми при реализација на наставата со овие ученици, пред се во изборот на форми, методи за работа со нив.<br><br>
Анализа од анкетирани наставници. Анкетирани се вкупно 22 наставници. На прашањето (Успевам да ги идентификувам учениците со тешкотии во учењето ) на тврдењето 14-целосно се согласувам одговориле 63,6%, на тврдењето 8-се согласувам 36,4,%, а останатите тврдења 0-не се согласувам 0% , 0-целосно не се согласувам 0 % и 0-не знам/ немам информација одговориле 0%.</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | 2.1 Успевам да ги идентификувам учениците со тешкотии во учењето<br>22 responses<br><br><br>2.2 Успевам да ги идентификувам надарените ученици<br>22 responses<br><br> |
| | Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците | Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Одделенските и предметните наставници работат според однапред направена Годишна програма во која имаат планирано тематски, полугодишни и годишни планирања, контролни задачи, писмени работи и наставни листови и со истите се врши проверка на знаењата (усвоеноста) на наставниот материјал. Преку направените проверки |

родителите имаат увид за напредокот на своето дете. Известувањето за напредокот на своите деца во училиштето родителите го добиваат од одделенските наставници, класните раководители, предметните наставници, од педагошко-психолошка служба преку усни или писмени податоци или електронски преку Е-дневник. За таа цел се користат формални и неформални средби, родителски средби или индивидуални средби со родителите. Училиштето има и веб страна преку која јавноста се запознава со сите случувања и напредувања на учениците. На родителските средби се истакнува и се разговара за успехот на целата паралелка по сите наставни предмети, а потоа секој родител добива евидентен лист во кој е впишан успехот на ученикот. За успехот , напредувањето и поведението на учениците родителите се информираат и на индивидуални средби иницирани од самите нив, а по потреба и од страна на наставникот. Во текот на учебната година се организираат најмалку пет родителски средби и тоа: на почеток на учебна година, крајот од прво тримесечие, на крајот од прво полугодие, на крајот од трето тримесечие и пред крајот на учебната година.




Пред да се поделат свидетелствата, училиштето закажува уште една родителска средба со цел да ги информира родителите за постигнатиот успех на нивните деца во текот на целата учебна година. Доколку родителите имаат некои забелешки можат да поднесат приговор. Одделенските наставници и предметните наставници кога ја изготвуваат Годишната програма за работа изготвуваат и распоред за отворен ден во кој може секој родител да дојде и

| | | |
|---|---|---|
| | | индивидуално да се информира за успехот и поведението на своето дете или да побара мислење за подобрување на успехот со одење на дополнителна или додатна настава. Индивидуалните родителски средби се евидентираат во електронскиот дневник.<br><br>Анализа од анкетирани ученици<br>Податоци-Анкетирани се вкупно 41 ученик. На прашањето (Моите родители/старатели се постојано известувани за мојот напредок на училиште) на тврдењето 20-целосно се согласувам одговориле 48,8%, на тврдењето 20-се согласувам 48,8,%, а останатите тврдења 1-не се согласувам 2,4% , 0-целосно не се согласувам 0 % и 0-не знам/ немам информација одговориле 0 %.<br><br>2.1 Моите родители/старатели се постојано известувани за мојот напредок на училиште.<br>41 responses<br> |

**Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата**

| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
|---|---|---|
| | Редовност во наставата | За редовноста на учениците училиштето води грижа за направените изостаноци, ги анализира причините за отсуство од наставата и навреме презема мерки за подобрување на редовноста |

<table>
<tr>
<td>Мерки за подобрување на постигањата<br><br>Записници од советувања на родители и ученици,<br><br>распоред и списоци за дополнителна и додатна настава,<br><br>е-дневник,<br><br>извештаи за соработка со различни чинители за подобрување на постигањата.</td>
<td></td>
<td>на учениците. За секое отсуство наставникот бара образложение од родителот – старателот да го оправда отсуството на неговото дете со негово присуство и медицинска белешка. Податоците за направени изостаноци (оправдани и неоправдани) на ниво на паралелка редовно се запишуваат во статистичките извештаи за успех и редовност на учениците. Изостаноците на крајот на учебната 2022/2023 се 294 оправдани и 3 неоправдани изостаноци или вкупно297. Во 2023/2024 на крајот на учебната година има 64 оправдани и 4 неоправдан, или вкупно 68
<table>
<tr><th></th><th>Оправдани</th><th>Неоправдани</th><th>Вкупно</th></tr>
<tr><td>Учебна 2022/2023 година</td><td>294</td><td>3</td><td>297</td></tr>
<tr><td>Учебна 2023/2024 година</td><td>64</td><td>4</td><td>68</td></tr>
<tr><td>Учебна 2024/2025 година</td><td>176</td><td>1</td><td>177</td></tr>
</table>
изостаноци.<br><br>На поставеното прашање-Континуирано сум информиран за редовноста на моето дете одговориле: 38,9% од родителите целосно се согласуваат со тврдењето дека се континуирано информирани за редовноста на своето дете, 61,1% од родителите се согласуваат со ова тврдење, 0% не се согласуваат со тврдењето, односно сметаат дека не се континуирано информирани за редовноста на своето дете. 0% од родителите целосно не се согласуваат со ова тврдење и 0% од родителите не знаеле да одговорат на ова прашање.</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | 2.3 Континуирано сум информиран/а за редовноста на моето дете<br>36 responses<br> |
| | Советување на родители/старатели и ученици | За учениците што имаат поголем број неоправдани изостаноци се применуваат педагошки мерки кои се согласно Законот за основно образование и тоа: усна опомена (4 неоправдани) , писмена опомена од одделенски наставник (7 неоправдани) , укор од одделенски совет (11 неоправдани), укор од наставнички совет (15 неоправдани), укор од директорот на училиштето (20 неоправдани). Ако ученикот има над 10 неоправдани изостаноци поведението му се намалува на Добро, а ако има над 20 неоправдани изостаноци поведението се намалува на Незадоволително. За сите овие педагошки мерки родителот добива известување и покана за советување во Педагошко психолошката служба. Ако ученикот има изостаноци (оправдани или неоправдани) кои се повеќе од 30% од реализираните часови по предметот, ученикот останува неоценет за дадениот период и за него се организира одделенски испит по предметите. Доколку ученикот има поголем број неоправдани изостаноци, училиштето го известува Центарот за социјална работа и заеднички се утврдуваат причините за отсуството од училиштето, а потоа се превземаат мерки за да ученикот редовно ја посетува наставата. |
| | Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната | Најголемиот број наставници користат методи, техники и стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците.Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето, како и диференцирана настава. Училиштето, на месечно ниво, изработува распоред за дополнителна настава и го истакнува на видно место во училиштето. Училиштето врши анализа |

| | | |
|---|---|---|
| | настава | и има докази дека дополнителната и диференцираната настава придонесуваат кон подобрување на постигањата. Анкетирани се вкупно 41 ученици од 4 до 9 одделение. На поставеното прашање **(Доколку не можам да го совладам материјалот, на мое барање, наставниците ми организираат дополнителна настава)**- 26,8% од учениците целосно се согласуваат со тврдењето доколку не можам да го совладам материјалот, на мое барање,наставниците ми организираат дополнителна настава, 48,8% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 19,5% не се согласуваат со тврдењето, односно сметаат дека известувањето на родителите во училиштето не се врши на транспарентен начин. 2,4% од учениците целосно не се согласуваат со ова тврдење и 2,4% не знаеле да одговорат на ова прашање.<br><br>2.3 Доколку не можам да го совладам материјалот, на мое барање, наставниците ми организираат дополнителна настава<br>41 responses<br><br> |

| | | |
|---|---|---|
| | |  |

## Подрачје 2: Постигања на учениците

**Опис/резиме на подрачјето**

За време на наставниот процес во нашето училиште најголем дел од наставниците 80 % користат различни методи и техники за работа при што активно се вклучени голем број од учениците во работа во групи, тимски активности итн. Голем дел од учениците се согласуваат дека наставниците во нашето училиште користат и изработуваат тестови со јасни и прецизни бодовни скали. Учениците редовно преку индивидуални разговори и советувања добиваат насоки и се поттикнуваат за подобрување на својот успех во сите квартални периоди. Податоците од постигањата добиени во сите квалификациски периоди се прибираат, користат и анализираат според полот , по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди. Голем дел од наставниците ги подготвуваат и менторираат своите ученици за натпревари и конкурси, за учеството и постигањата ва вонннаставните активности континуирано се следат и евидентираат.

За време на наставниот процес во нашето училиште најголем дел од наставниците 100 % успешно ги идентификуваат учениците со тешкотии во

учењето. Најголем број од наставниците целосно се согласуваат дека успеваат да ги идентификуваат учениците со тешкотии во учењето. Родителите се согласуваат дека се информирани за вклучување на учениците во дополнителна и додатна настава.

Од сите извори на податоци кои ни беа на располагање можевме да заклучиме дека во нашето училиште се врши редовно разгледување и евидентирање на постигањата на учениците. Тие се анализираат на одделенските, наставничките совети, стручните активи и за истите се води записник и истите се запишуваат во извештаи (прво тримесечие, полугодие, трето тримесечие и крај на учебната година). Се води грижа за учениците кои имаат потешкотии во совладување на содржините преку организирање на дополнителна и додатна настава. Редовно се води евиденција за редовноста, успехот и поведените на учениците во електронскиот дневник, евидентните листови и свидетелствата. Целокупната евиденција е достапна за сите наставници, родители и ученици. Личните постигања на учениците се промовираат преку јавните гласила, културните установи, училишните катчиња, натпревари и културни манифестации.

Истражувањето укажува на високо ниво на соработка и комуникација помеѓу училиштето и родителите, особено во однос на информирањето за ученичкиот успех, развојот и добивањето насоки за поддршка во учењето и однесувањето. Резултатите покажуваат дека родителите се вклучени и генерално задоволни од транспарентноста и достапноста на информациите. Сепак, постои мал процент на родители кои чувствуваат дека не добиваат доволна поддршка или не ја користат целосно понудената соработка. Од сите извори на податоци кои ни беа на располагање можевме да заклучиме дека училиштето систематски собира, анализира и користи податоци за постигнувањата на учениците по сите предмети и квалификациски периоди. Училиштето има ефикасен систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца, што се спроведува доследно. Родителите добиваат информации по секој квалификациски период и имаат пристап до е-дневникот. Се спроведуваат советувања за родителите на учениците кои покажуваат послаб успех, училиштето води документација и соработува со надлежните институции.

Дополнителната и додатната настава која се организира во училиштето , им помага на учениците да ги совладаат потешкотиите и да ги надградат знаењата. Секој наставник води уредна педагошка евиденција за дополнителна и додатна настава. Наставникот ја бележи дополнителната настава секој час во вид на сценарио за часот, распоред и списоци за редовноста на учениците како и рефлексија на часот каде што дава идеи за соработка со различни чинители за подобрување на постигањата. Учениците со потешкотии во учењето, надарените и учениците со попреченост се идентификуваат според пропишаните процедури и добиваат континуирана поддршка за подобрување на постигнувањата. Училиштето има инклузивен тим и пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот.

**Силни страни**

- Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди.
- Училиштето има добро развиен систем за идентификација на учениците со тешкотии во учењето и со посебни образовни потреби.
- Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува.
- Училиштето, на ниво на стручни активи, има изградени критериуми за оценување усогласени со националните стандарди.
- Наставниците успеваат да ги идентификуваат учениците со тешкотии во учењето .
- Наставниците редовно применуваат формативно оценување (усна повратна информација, дневни проверки на знаења и слично).

- Поголемиот број од учениците во нашето училиште се редовни на настава и советувањето на учениците и родителите дава позитивни резултати.
- Во текот на целата година по сите предмети се организира дополнителна настава исто така покажуваат интерес и учество во вонннаставни активности (литературна секција, натпевари , еко-проекти и др).
- На родителите им се даваат јасни насоки како најдобро да му се помогне на своето дете во учењето.
- Континуирано се информирани родителите за редовноста на своето дете.
- Учениците покажуваат континуиран напредок споредено со претходните периоди.

**Слаби страни**

- Дел од учениците покажуваат недоволна мотивација за самостојно учење.
- Учениците имаат потешкотии со поврзување на наученото со реалниот живот (недостиг на функционално знаење) недоволно вклученост на родителите во процесот на учење и поддршка дома.
- Дел од учениците не се информирани за дополнителна настава доколку учениците не можат да го совладаат материјалот,
- Премин на ученици од едно во друго училиште (село-град).

**Приоритети**

- Јавно истакнување на термини за консултации и прием на родители
- Вклучување на родителите на учениците кои покажуваат послаби резултати во учењето, во животот и работата на училиштето со заеднички активности
- Стратегија во училиштето за осипувањето на учениците поради преселувањето во странство или во град заедно со нивните семејства.
- Потребно е да се изготви програма за идентификација, стимулација и промоција на талентирани и надарени ученици

**Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации**

(се внесуваат обработени резултати од анкетите со сите чинители (% на одговори по прашања на анкетните прашалници), резимеа од квалитативна анализа што се однесува на наменско набљудување, анализа на одговорите од интервјуата и дискусиите во фокус групите

**Анкета за родители/старатели**

За самоевалуација на училиштето спровдени се анкетен прашалник за родители/старатели на учениците кој беше даден да се потполнува во период од една недела а беше поставен на google forms. Истиот беше целосно анонимен и право да одговараат имаа родители/старатели на ученици од сите одделенија. Линкот до прашалникот беше даден преку одделенските раководители по случаен избор. На прашалникот одговорија вкупно 36 родители/старатели, но бројот е поголем бидејќи имаа и по повеќе деца кои учат во нашето училиште.

Во прилог е процентуалното учество на родители/старатели во прашалникот според одделението на нивното дете.




Резултатите од анкетата за родители/старатели користени се соодветно од страна на тимовите во оваа самоевалуација и истите се потенцирани во рамките на секое  од подрачјата.

**Анкета за наставници**

Во училиштето се спроведе анкетен прашалник за наставниците кој беше даден да се потполнува во период од една недела а беше поставен на google forms.  Истиот беше целосно анонимен и право да одговараат имаа сите наставници кои предаваат во училиштето. Линкот до прашалникот беше пратен директно кај секој од наставниците.

На прашалникот за Подрачје 2 одговорија вкупно 22 наставници на кои им беше испратен.




Резултатите од анкетата за наставници користени се соодветно од тиовите во оваа самоевауација и истите се потенцирани во рамките на секое

од подрачјата.

**Анкета за ученици**

Во училиштето се спроведе анкетен прашалник за ученици кој беше даден да се потполнува во период од една недела, а беше поставен на google forms. Истиот беше целосно анонимен, а право да одговараат имаа ученици од четврто до деветто одделение. Линкот со прашалникот беше даден преку одделенските раководители по случаен избор. На прашалникот одговорија вкупно 41 ученик по случаен избор.

Во прилог е процентуалното учество на учениците во прашалникот според одделението.




Резултатите од анкетата за наставници користени се соодветно од тимовите во оваа самоевауација и истите се потенцирани во рамките на секое од подрачјата.

**Резиме (главни наоди) од интервјуа со директор/стручна служба /**

**Резиме (главни наоди) од фокус групи /**

**Наоди од набљудување часови**

Во процесот на самоевалуација користени се информации од веќе следените часови од страна на директорот и стручните соработници во претходните две години. Резулатите од овие набљудувања кои се користени соодветно од страна на тимовите во оваа самоевалуација и истите се потенцирани во рамките на секое од подрачјата.

**Наоди од други видови набљудувања /**

**ПОДРАЧЈЕ 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **3.1 Училишна клима**<br>**3.2 Еднаквост и правичност**<br>**3.3 Партнерски однос со заедницата**<br>**3.4 Севкупна грижа за учениците** |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“ Иванковци**
**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 3.1 Училишна клима** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| | | |
| Кодекс на однесување на учениците и на вработените;<br><br>анкети со наставниците, родителите и со учениците;<br><br>педагошка евиденција | Углед/имиџ на училиштето | Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед. Учениците редовно учествуваат на сите манифестации и наградни конкурси, на кои за своите изработки добиваат сертификати, пофалници, дипломи и награди. Училиштето учествува на сите настани организирани од страна на другите училишта и општината. Редовно се ажурираат сите настани и активности на нашата веб-страница www.stojanburcevski.edu.mk. |
| | Кодекс на однесување | Во училиштето има Кодекс на однесување за раководен орган, стручна служба, наставници, технички персонал и родители. Во негова изработка учествувале наставници и педагошка служба. Кодексот е изгласан на 22.8.2019г. Овој кодекс е транспарентен. Во училиштето има правилник пропишан за реагирање во случај за прекршување на прописите и Правилата. Во училиштето постои и Протокол за спречување во случај на насилство кој е истакнат на веб-страницата на училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| за изречени педагошки мерки;<br><br>Статут на училиштето;<br><br>Куќен ред на училиштето;<br><br>записници, одлуки и извештаи од работата на Ученичкиот парламент (годишни, полугодишни), веб-страница на училиштето. | | Врз основа на член 4 став (1) алинеја 8 и член 113 став (1) алинеја 1,2,6 и 28 од Законот за основно образование (,,Сл.весник на Република Северна Македонија‘‘ бр.161/19 и бр.229/20), а во согласност со Упатството за спроведување на задолжителни мерки и активности во основните училишта за заштита на физичката безбедност и здравјето на учениците и вработените, донесено од министерот за образование и наука на Република Северна Македонија под арх.бр.12-3466/1 од 22.03.2023 година, директорот на ООУ „Стојан Бурчевски-Буридан“ на ден 31.3.2023 година, го донесе Протоколот за мерки и активности за грижата за физичката безбедност и здравјето на учениците и вработените.<br>Анкетирани се вкупно 19 наставници. 26,3 % целосно се согласуваат со тврдењето дека имаат учествувано во изработка / ажурирање на кодексот за однесување во училиштето, 36,8 % се согласуваат со ова тврдење и 36,8 % од наставниците не се согласуваат, односно немаат учествувано во изработката на Кодексот за однесување во училиштето.<br><br><br><br><br>31,6 % од испитаните наставници целосно се согласуваат дека Училиштето соодветно постапува доколку се прекрши Кодексот на однесување, 31,6% се согласуваат, 31,6% не се согласуваат и 5,3% не знаат или немаат информација. |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br><br>Анкетирани се вкупно 36 родители по случаен избор. 27,8 % од родителите целосно се согласуваат со тврдењето дека се запознаени со Кодексот на однесување во училиштето, 63,9 % од родителите се согласуваат со ова тврдење, 5,6% не се согласуваат со тврдењето и 2,8 % не знаат или немаат информација за Кодексот на однесување. |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br><br>13,9 % од испитаните родители се изјасниле дека целосно имаат можности да придонесаат за развој/ажурирање на содржината на Кодексот на однесување, 72,2% се согласуваат дека имаат, 5,6% не се согласуваат и 8,3 % не знаат и немаат информација.<br><br>3.2 Имам можности да придонесам за развој/ажурирање на содржината на Кодексот на<br><br><br><br>48,8% од |

<table>
<tr><td></td><td></td><td>испитаните ученици целосно се согласуваат дека се запознаени со последиците доколку не ги почитуваат правилата во училиштето, 39% се согласуваат, 2,4% не се согласуваат, 7,3% воопшто не се согласуваат и 1 испитаник не знае/ нема информација.</td></tr>
<tr><td></td><td>Училишна клима</td><td>Во училиштето постои соработка меѓу вработените. Комуникацијата раководен и наставнен кадар се заснова на заемно почитување како и градење меѓусебна доверба, со цел да се постигне позитивна атмосфера во училиштето. Според претходно извршените анкети и други извори во училиштето, училишната клима помеѓу ученик - ученик и ученик - наставник е на солидна ниво што обезбедува следење квалитетна настава, заемно почитување и соработка. Според претходно извршените анкети и други извори во училиштето, училишната клима меѓу родителите и наставниците е на солидно ниво што резултира со редовна посетеност, секојдневна комуникација, заемно почитување и соработка.<br>Од испитаните наставници по 47,4 % целосно се согласуваат и исто толку се согласуваат дека атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка, а само 1 испитаник (5,3%) не се согасува со ова тврдење.<br><br><br>Сите 19 испитани наставници се ијзаснале дека  добро соработуваат со колегите во училиштето (68,4% целосно се согласуваат и 31,6% се согласуваат со ова тврдење).</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td rowspan="2"></td><td></td><td>
</td></tr>
<tr><td>Поведение и дисциплина во училиштето</td><td>Како резултат на поведението на учениците во училиштето има позитивна дициплина. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности. Учениците совесно ги извршуваат работните задачи, меѓусебно се почитуваат и учтиво се однесуваат. Учениците коректно се однесуваат за време на одморите, екскурзиите и другите активности. Учениците со почит се однесуваат кон сите структури во училиштето, како и кон инвентарот во училиштето. Сите овие елементи придонесуваат сите ученици да имаат примерно поведение, што се совпаѓа со правилникот за изрекување на педагошки мерки. Поведението на сите ученици во претходните две години е примерно и не се изречени педагошки мерки. Во училиштето постојат процедури за реагирање во случај на прекршување на правилата на однесување пропишани со кодексите и истите се кај стручната служба во форма на евидентни листи за бележење.<br>Од испитаните наставници 68,4 % целосно се согласуваат и 31,6% се согласуваат дека за време на нивните часови има добра работна атмосфера.</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | 3.4 За време на моите часови има добра работна атмосфера<br>19 responses<br><br>25% од родителите целосно се согласуваат дека училиштето добро се справува со дисциплината, 63,9% се согласуваат, 2,8% не се согласуваат, 5,6% целосно не се согласуваат и 2,8% не знаат/немаат информација.<br>3.6 Училиштето добро се справува со дисциплината<br>36 responses<br> |
| | Учество на учениците во | Во училиштето функционира Ученички парламент и ученички правобранител. Учениците навремено и целосно се информирани од страна на претставникот на Ученичкиот парламент за работи кои се од |

<table>
<tr>
<td></td>
<td>донесувањето одлуки и решавањето проблеми</td>
<td>нивни интерес. Учениците, преку Ученичкиот парламент учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето заклучоци. Ученичкиот парламент предлага и спроведува активности за подобрување на работата во училиштето.<br>Во текот на учебната 2023/2024 година има одржано осум состаноци, а во текот на учебната 2024/2025 година се оджаа пет состанока, за сите тие има доставено уредно пополнети записници. Во текот на учебните години се оджаа предавања, на темите: „Примената на мобилните телефони во училиште“, „Последици од злоупотреба на пиротехнички средства“, ,,Мрзливоста и работливоста – две спротивни особини’’ и дебата на тема: ,,Нашата училишна соработка и комуникација”. Како реализирани иницијативи на Ученичкиот парламент, може да се набројот следните: изнесување свои предлози и размислувања за згрижување на малите кученца, кои се сместија во училишниот двор и набрзо по состанокот, беа згрижени на соодветен начин, креативната работилница за изработка на новогодишна прзентација, од страна на учениците од секое одделение, од предметна настава и преку интересен натпревар се избраа најдобрите, организирањето хуманитарна акција – донирање финансиски средства за ученик од одделенска настава, кој имаше оперативен зафат, а по повод немилиот настан во Кочани, учениците со едноминутно молчење, им оддадоа почит на починатите во пожарот во Кочани, напишаа свои пораки, кои се чуваат во Кутијата на жалост и на крај, пуштија балони. Учениците, членови на ученичкиот парламент, во ретки случаи се поканувааат и присуствуваат на состаноци на училишниот одбор.<br>Од испитаните наставници 47,4% целосно се согласуваат дека учениците ги мотивирааажт да<br>
</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | учествуваат во донесување одлуки за прашања кои се во нивни интерес, исто толку се согласуваат и 1 испитаник (5,3%) целосно не се согласува со ова тврдење.<br><br>3.6 Во одделението/училиштето имаме донесено заеднички правила на однесување, кои ги почитувме<br>41 responses<br><br>41,5% од анкетираните ученици целосно се согласуваат дека во одделението/училиштето имаат донесено заеднички правила на однесување, кои ги почитуваат, 56,1% се согласува и само еден испитаник не се согласува со ова тврдење.<br><br>36,6% од анкетираните ученици целосно се согласуваат дека ученичката заедница од нивното одделение учествува во активности за подобрување на работата на училиштето, 58,5% и по 1 испитаник (2,4%) не се согласува и не знае/нема информација за ова тврдење. |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br> |
| **Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишен извештај за работа на училиштето;<br><br>Конвенција за правота на детето;<br><br>анкети со наставници, ученици, родители;<br><br>список на дежурства на наставниците; | Познавање и почитување на правата на децата | Стручната служба, наставниците и сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата и ги заштитуваат во случај на нивно нарушување. Декларацијата за права на детето е императив според кој се водат сите вклучени во образовниот процес. Училиштето е подготвено да реагира до сите надлежни институции во случај на прекршување на детските права. Училиштето ги поттикнува учениците да ги осознаваат своите права преку организација на различни предавања и трибини, на одделенските часови и преку состаноците на Детската организација и Училишниот парламент. Учениците се информираат за своите права, но и за обврските кои тие права со себе ги носат. На редовните родителски средби за правата и обврските на децата се информираат и родителите, од кои постојано се бара соработка и им се укажува дека дел од учениците не ги извршуваат во целост своите обврски. Конвенцијата за правата на децата (КПД) е најшироко ратификуваниот договор за човековите права во светот, клучен обврзувачки инструмент кој ги вклучува граѓанските, политичките, економските, социјалните и културните права на децата. Во КПД се вклучени правата на здравствена заштита, |

| | | |
|---|---|---|
| е-дневник,<br>Евидентна книга со записници од дневни дежурства;<br><br>веб-страница на училиштето. | | образование, семејство, игра, одмор и забава, заштита од насилство, сексуално насилство и сексуална експлоатација и др.<br>42,1% од испитаните наставници се изјасниле дека целосно се согласуваат со реализирањето работилници за запознавање на родителите со правата и обврските на децата, 21,1% се согласуваат, 31,6% не се согласуваат и 5,3% целосно не се согласуваат.<br><br>31,6% од наставниците се изјасниле дека целосно им укажуваат на учениците за различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето, 57,9% се согласуваат и 10,5% не се согласуваат со ова тврдење. |

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td>


<br>
13,9% од родителите целосно се согласуваат дека се/биле вклучени во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето, 66,7% се согласуваат, 8,3% не се согласуваат, 5,6% целосно не се согласуваат и 5,6 не знаат/немаат информација за ова тврдење.
</td>
</tr>
</table>

3.7 Сум бил/а вклучен/а во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето

36 responses




31,7% од анкетираните ученици целосно се согласуваат дека сакаат да одат на училиште, 43,9% се согласуваат, 9,8% не се согласуваат, 9,8% воопшто не се согласуваат и 4,9% не знаат/немаат информација за ова тврдење.

3.4 Сакам да одам на училиште

41 responses




39% од анкетираните ученици целосно се согласуваат дека  знаат како да постапат и каде да се обратат

<table>
<tr><td></td><td></td><td>ако забележат прекршување на нивните права, 51,2% се согласуваат и по 4,9% воопшто не се согласуваат и не знаат/немаат информација.<br>
</td></tr>
<tr><td></td><td>Еднаков и правичен третман на сите ученици</td><td>Во учебната 2023/2024 година во училиштето има вкупно запишано 86 ученици, во вкупно 15 паралелки. Од нив машки се 42, а женски се 44 . Македонци се 82, Срби - 3, Турци - 1. Од нив, Македонци се: машки - 42 и женски - 44, Срби: машки -1 и женски - 2, Турци - 1 машко.<br>Во учебната 2024/2025 година во училиштето има вкупно запишано 87 ученика, во вкупно 16 паралелки. Од нив, машки се 41 а женски - 46. Македонци се 82, Срби се 4 и Турци – 1. Од нив: Македонци се: 38 машки и 44 женски, Срби: 2 машки и 2 женски и Турци - 1 машко.<br>Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите, за време на часот и за време на воннаставните активности. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените,</td></tr>
</table>

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td>учениците, родителите). Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училиштен контекст. Овие теми се обработуват преку одделенски час со планирани наставни содржини на животни вештини, часови по Граѓанско образование, вонннаставни активности, работилници, проекти и сл.<br>Најголем број од испитаните наставници (57,9%) се изјасниле дека целосно се согласуваат со тврдењето дека соодветно реагираат на поплаките на учениците за нееднаков третман, а 42,1% се согласуваат со ова тврдење.<br><br>
<br>33,3% од испитаните родители се изјасниле дека целосно се согласуваат со тврдењето дека нивното дете е прифатено и почитувано од наставниците, најголем број од исптаните родители (61,1%) се согласуваат и двајца родители (5,6%) не се согласуваат.</td>
</tr>
</table>

3.3 Моето дете е прифатено и почитувано од наставниците
36 responses




30,6% од испитаните родители се изјасниле дека целосно се согласуваат дека нивното дете е прифатено и почитувано од соучениците, 63,9% се согласуваат и 5,6% целосно не се согласуваат.

3.4 Моето дете е прифатено и почитувано од соучениците
36 responses




27,8% од родителите целосно се согласуваат дека нивното дете, во училиштето, ги добива истите услови за учење како и другите ученици, 66,7% се согласуваат и 5,6% не се согласуваат.

| | | |
|---|---|---|
| | | <br>22,2% од испитаните родители целосно се согласуваат дека нивното дете е оценувано според исти критериуми како и другите ученици, 72,2% се сеогласуваат и 5,6% не се согласуваат.<br> |

30,6% од испитаните родители целосно се согласуваат дека нивното дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на неговиот пол, етничка припадност, религиска припадност или друго, 61,1% се согласуваат, 5,6% не се согласуваат и 1 испитаник (2,8%) целосно не се согласува со ова тврдење.

3.10 Моето дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на неговиот пол, етничка припадност, религиска припадност или друго.

36 responses




16,7% од испитаните родители целосно се согласуваат дека училиштето навремено и соодветно реагира

3.11 Училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците

36 responses



| | | |
|---|---|---|
| | | на нееднаков третман на учениците, најголем процент (75%) се согласуваат, 2,8% не се согласуваат и 2 од анкетираните родители (5,6%) целосно не се согласуваат.<br><br>41,5% од анкетираните ученици целосно се согласуваат дека во училиштето се чувствуваат прифатено од другите ученици, 43,9% се согласуваат, 9,8% не се согласуваат и 4,9% воопшто не се согласуваат. 46,3% од анкетираните ученици целосно се согласуваат дека во училиштето се чувствуваат прифатено од наставниците, 43,9% се согласуваат, 7,3% не се согласуваат и 2,4% воопшто не се согласуваат. |




34,1% од анкетираните ученици целосно се согласуваат дека наставниците ги разбираат нивните потреби и проблеми, 51,2% се согласуваат и по двајца (4,9%) не се согласуваат, воопшто не се согласуваат и не знаат/немаат информација.




46,3% од анкетираните учениците целосно се согласуваат дека училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици, 46,3% се согласуваат, 4,9% не се согласуваат и 1 испитаник воопшто не се согласува со ова тврдење.

3.8 Училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици

41 responses




43,9% од анкетираните ученици целосно се согласуваат дека имаат еднакви можности за учество во активностите во училиштето, како и другите ученици, 48,8% се согласуваат, 4,9% не се согласуваат и 1 испитаник воопшто не се согласува со ова тврдење.

3.9 Имам еднакви мо

ученици

41 responses



3.10 Имам еднакви можности за учество во различните активности на часовите (на пр. поставување прашања, презентирање, одговарање), како и другите ученици

41 responses




39% од

| | | |
|---|---|---|
| | | анкетираните ученици целосно се согласуваат дека имаат еднакви можности за учество во различните активности на часовите (на пр. поставување прашања, презентирање, одговарање), како и другите ученици , 51,2% се согласуваат и 9,8% не се согласуваат со ова тврдење. |
| **Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Педагошка евиденција и документација на стручните соработници (соработка со локална заедница и индивидуални разговори со ученици и родители);<br><br>анкети со наставници, ученици, родители;<br><br>посета на отворени денови на училиштата;<br><br>записници од средби | Соработка на училиштето со родители/старатели | Соработката на училиштето со родителите е транспарентна и јавна. Родителите се поттикнуваат да се вклучат во образованието на своите деца и редовно се консултираат при донесувањето на Годишната програма за работа на училиштето, присутни се на родителските средби, каде што се разгледува успехот, редовноста и дисциплината на учениците, како и за сите други проблематики, кои се од интерес на нивните деца. Училиштето има изготвено програма за соработка со родителите на учениците. Дневниот ред за родителската средба го формулира директорот и одделенскиот раководител по потреба, но е оставена и можност родителите да го дополнуваат дневиот ред. Тоа овозможува сите информации да им се достапни на родителите и истите се чуствуваат добродојдени во училиштето. Во училиштето има јавно истакнат распоред со приемни денови на секој наставник, со што се овозможени индивидуални средби со родителите. Родителите учествуваа во реализација на различни ативности: работилницата по повод одбележување на Денот на литературата за деца, работилницата „Јас предложувам народна приказна–прочитај ја и ти!“, велигденскиот базар „Велигденски радости“, велигденската работилница „Велигденско јајце“, маскенбалот по повод одбележување на Денот на шегата „Априлијада 2025“, работилницата „Пролет мила дојде“, приредбата и работилницата „Празникот на мама“, новогодишната работилница и новогодишниот хуманитарен базар, есенската работилница „Боите на есентта“ и др.<br>47,4% од наставниците се изјасниле дека целосно ги поттикнуваат Родителите/старателите активно да се вклучат во активностите во училиштето, исто толку (47,4%) се согласуваат со ова тврдење и 1 испитаник (5,3%) не се согласува. |

| | | |
|---|---|---|
| со родители;<br><br>Извештај од Заедничка грижа за правилно насочување на учениците<br><br>веб-страница на училиштето. | | <br><br>25% од испитаните родители целосно се согласуваат дека мислењата и ставовите на родителите/старателите за унапредување на воспитно-образовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето, 66,7% се ссогласуваат, 5,6% не се согласуваат и 2,8% целосно не се согласуваат со ова тврдење. |

| | | |
|---|---|---|
| | |  |
| | Соработка со општината и со урбаната заедница | Училиштето има изготвено акциски план за соработка со урбаната заедница. Тоа секогаш е отворено за соработка со урбаната заедница и активно се вклучува во животот на заедницата, со учество во повеќе настани и заеднички проекти. Исто така, заедницата ни помага во подобрување на условите за работа, како и за спроведување на дел од наставните и вонваставните активности. Активности кои се организирани од страна на општината и од страна на други институции се: „Велигденски базар“, куклената претстава "Добрата Јана и лошиот дедо", одбележувањето на европска недела на мобилност 2024 - Пешачиме низ велешките маала и сокаци, одбележувањето на 26 септември - Европски ден на јазиците, „Генералка викенд“ следењето на театарската претстава „Тивки жртви“, во изведба на МДПС „Премиера“ во НУЦК театар „Јордан Хаџи Костантинов- Џинот“ – Велес и други.<br>36,8% од испитаните наставници се изјасниле дека целосно учествуваат во спроведување на заеднички проекти со Општината  кои се од интерес на училиштето и заедницата, 47,4% се согласуваат, 10,5% не се согласуваат и 5,3% не знаат или немаат информација. |

| | | |
|---|---|---|
| | |  |
| **Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Акционен план за превенција од насилство;<br>анкети со наставници, ученици, родители;<br><br>евиденција од индивидуална работа со ученици со емоционални и социјални потешкотии;<br><br>извештаи од посети на | Превенција за заштита од насилство | Училиштето располага со програми и протокол како пишани документи, во кои се дефинирани сите облици на насилство, како што се: психичко/емоционално, физичко, сексуално, кибернасилство и булинг. За оваа намена има именувано одговорно лице за препознавање и пријавување на насилство во училиштето. Во училиштето се забранува секаков облик на насилство, манифестирано од страна на возрасните и учениците. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите на децата им приоѓаат чувствително, грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. За заштита и безбедност, училиштето организира дежурства од вработениот наставен кадар, во текот на изведувањето на наставата. Обезбедувањето при користење на материјали, средства и инструменти го прават самите наставници на часовите. Овде, треба да се напомене дека нема услови за изведување на експерименти за групата природни науки и истите се изведуваат - во училници, а не во кабинети. Исто така, нема соодветна спортска сала, па наставата по физичко и здравствено образование се изведува во ходници, празни училници, игралишта или училишни дворови. 42,1% од наставниците се изјасниле дека со неговите ученици целосно спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти, 47,4% се согласуваат во врска со ова |

| | | |
|---|---|---|
| трибини и предавања;<br><br>записници од надлежни органи за контрола на хигиената и здравјето на учениците;<br><br>список на дежурства на наставниците;<br><br>е-дневник;<br><br>Евидентна книга со записници од дневни дежурства;<br><br>Програма за професионална | | тврдење, а 10, 5% не се согласуваат.<br><br><br><br><br>52,6% од наставниците целосно се согласуваат дека во училиштето се работи со сите ученици кои се учесници  во врсничко насилство, 36,8% се согласуваат и 10,5% не знаат или немаат исформација со ова тврдење. |

| | | |
|---|---|---|
| ориентација на ученици;<br><br>посета на отворени денови на училиштата;<br><br>записници од средби со родители;<br><br>веб-страница на училиштето. | | <br>13,9% од родителите целосно се согласуваат дека се запознаени со сум со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство, 77,8% це согласуваат, 2,8% целосно не се согласуваат, и 5,6% не знаат/немаат информација. |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br><br>16,7% од испитаните родители целосно се согласуваат дека во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти, 63,9% се согласуваат, 5,6% не се согласувааат, 2,8% целосно не се согласуваати 11,1% не знаат/немаат информација за ова тврдење. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 3.14 Во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти<br>36 responses<br><br>22,2% од испитаните родители целосно се согласуваат дека училиштето добро се справува при појава на насилство, 69,4% се согласуваат и по еден испитаник (2,8%) не се согласува, целосно не се согласува и не знае/нема информација за ова тврдење.<br>3.15 Училиштето добро се справува при појава на насилство<br>36 responses<br><br>48,8% од анкетираните ученици целосно се согласуваат дека знаат како треба да постапат ако |

| | | |
|---|---|---|
| | | забележат или им се случи врсничко насилство во училиштето, 43,9% се согласуваат, 2,4% не се согласуваат и 4,9% воопшто не се согласуваат со ова тврдење.<br><br><br>Најголем процент од анкетираните ученици (48,8%) целосно се согласуваат дека во училиштето работат на решавање конфликти и спречување насилство, 39% се согласуваат, 4,9% не се согласуваат и 7,3% воопшто не се согласуваат со ова тврдење. |

| | | |
|---|---|---|
| | |  |
| | Заштита од пушење, алкохол и дрога | Училиштето има политика за забрана за пушење, консумирање алкохол и дистрибуција, како и консумирање наркотични супстанци. Ова подразбира дека во училиштето не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба, не се консумира алкохол, не се дистрибуираат и користат наркотични супстанци. Во училишниот објект се преземаат соодветни мерки за превенција од болестите на зависност со пропишани процедури, за превенција и регистрирање на појави од пушење, алкохолизам и консумирање наркотици. Преку анкетни прашалници, интервјуа, проекти, предавања и трибини се опфатени сите ученици во процесот на превенција. Претставници од Црвен крст на Република Северна Македонија, Општинска организација Велес, одржаа предавање на тема: ,,Борба против болести на зависности”.<br>36,8% од испитаните наставниците се изјаниле дека целосно учествувале во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење, алкохол и дрога, 36,8% се согласувааат, 15,8% не се согласуваат и 10,5% не знаат или немаат информација. |

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td>
3.16  Учествувам во реализација на  работилници со ученици за превенција од пушење, алкохол и дрога<br>
19 responses




33,3% од испитаните родители целосно се согласуваат дека во училиштето се преземаат мерки за превенција за заштита од алкохол, пушење и дрога, 58,3% се согласуваат и 8,3% не знаат/немаат информација за ова тврдење.
</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | 3.16 Во училиштето се преземаат мерки за превенција за заштита од алкохол, пушење и дрога<br>36 responses<br><br><br>34,1% од анкетираните ученици целосно се согласуваат дека учествуваат во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства, 46,3% се согласуваат, 7,3% не се согласуваат, 9,8% воопшто не се согласуваат и 1 испитаник не знае/нема информација |

| | | |
|---|---|---|
| | | 3.18 Учествувам во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства.<br>41 responses<br> |
| | Квалитет на достапна храна | Во училиштето нема дистрибуција на храна и нема увид во квалитетот на истата. Од тие причини, сериозно се наметнува потребата за примена на здрава и квалитетна храна. Во тој контекст, се одржуваат едукативни предавања и работилници со учениците и се води кампања за здрава исхрана: декорација на зеленчук и овошје по повод одбележување на 16 Октомври – Светски ден на здрава храна, презентација и работилница по повод одбележување на Светскиот ден на здравјето под мотото: Мое здравје, мое право, презентација и работилница под мотото „Право на храна за подобар живот и подобра иднина: Никој да не биде изоставен“, по повод одбележувањето на Светскиот ден на храната и сл. |
| | Хигиена и заштита од болести | Сите податоци за бројот на извршените систематски прегледи, вакцинации и ревакцинации се наоѓаат во вид на евидентни листови кај стручната служба (педагог на училиштето) и во е-дневникот на одделението. Современото живеење ги наметнува предизвиците за заштита од голем број на болести со кои денешницата се соочува. Секојдневните навики кај учениците се важен елемент за заштита и превенција од болести. Постојаното користење на компјутерот ги доведува учениците до незавидна состојба. Како резултат на неправилно држење и замор за време на работењето на компјутер доаѓа до искривување на 'рбетниот столб и оштетување на видот. Затоа, потребно е учениците навремено да се |

| | | |
|---|---|---|
| | | едуцираат, со цел да се спречат таквите појави и болести, кои со соодветна едукација може лесно да се превенираат. Секоја година се планира и, најчесто, се реализира теренска настава на која учениците се стекнуваат со навики за ориентација во природа и здрав начин на живеење. На одделенските часови, при обработка на темите од здравствена заштита се води разговор околу превенција и заштита од болести и навики. Доста актуелни и во подем се и заразните болести. Редовната хигиена на училишните простории и хигената кај учениците се неопходни за зачувување и одржување на здравјето и превенцијата од заразни заболувања. Хигиената, како многу битен фактор и здравиот начин на живот (возење велосипед, пешачење, спортување) е една од темите на кои се обрнува внимание во нашето училиште. Преку реализирање на активностите, планирани со проектот „Интеграција на Еколошката едукација во Македонскиот образовен систем“, учениците водат грижа за одржување на чисти и уредни училници. Со пропишување на процедури, одржување на предавања, актуелизација за време на часот на одделенската заедница, соработка со соодветни институции(ЦЈЗ), преку доследното почитување на сите задолженија и инструкции дадени од нивна страна, како и со редовните систематски прегледи на учениците и наставниците, хигиената и заштитата од болести е на солидно ниво.<br>22,2% од испитаните родители целосно се согласуваат дека хигиената во училиштето е на високо ниво, 61,1% се согласуваат, 5,6% не се согласуваат, 8,3% целосно не се согласуваат и 2,8% не знаат/немаат информација.<br><br><br>29,3% од анкетираните ученици целосно се согласуваат дека училиштето е чисто и уредно, 58,5% се |

| | | |
|---|---|---|
| | | согласуваат, 7,3% не се согласуваат и по 1 испитаник (2,4%) воопшто не се согласува и не знае/нема информација за ова тврдење.<br> |
| | Грижа за безбедноста на учениците и вработените | Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор. Во овој период, подот, ѕидовите, прозорците и таваните се реновираа во училишната зграда во с. Сујаклари. Училиштето има интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди, но не се изведуваат симулации. Симуалции се изведуваат на часовите во одделенија, каде што се изучува предметот Вештини за живеење. Во училиштето постои сертифициран обучен кадар за давање прва помош на учениците при незгоди. Исто така, постојат обучени лица за превенција и гасење на пожари и ракување со ПП апарат, кои ни презентираа практича вежба за правилна примена на ПП апарат и ризици од пожар.<br>Вкупно се анкетирани 41 ученик. 46,3% од анкетираните ученици целосно се согласуваат дека во училиштето се чувствуваат сигурно и безбедно, 43,9% се согласуваат, 7,3% не се согласуваат и 1 испитаник (2,4%) воопшто не се согласува со ова тврдење. |

| | | |
|---|---|---|
| | |  |
| | Грижа за учениците од социјално загрозени семејства | Училиштето има пропишани процедури за давање материјална помош на учениците, кои припаѓаат во социјално ранливи семејства. Учениците низ редовната настава и воннаставните активности, се поттикнати за заемно прифаќање, помагање и поддршка. На овој начин, се развива чувство на другарство, емпатија и севкупна социјализација.<br>57,9% од наставниците се изјасниле дека целосно ги вклучуваат различните маргинализирани / ранливи групи во училишните активности, а 42,1% се согласуваат со ова тврдење. |

| | | |
|---|---|---|
| | |  |
| | Грижа за учениците со здравствени проблеми | Мал процент од учениците се соочуваат со здравствени проблеми за кои училиштето треба да води грижа. За оние кои подолго отсуствуваат од наставата, училиштето води соодветна грижа преку организирање онлајн вклучување или дополнителна настава за надополнување на изгубените наставни содржини. Постојано ја следи состојбата на идентификуваните ученици, нивниот развој и опоравување. |
| | Грижа за социоемоционалната добросостојба на учениците | Советодавна помош учениците добиваат, кога сами ќе ја побараат, зависно од своите потреби и доколку учениците покажуваат несоодветно однесување или имаат потешкотии во совладувањето на наставниот материјал. Советодавна помош учениците добиваат од одделенскиот раководител, предметните наставници, училишниот педагог и директорот на училиштето. Педагошката служба секогаш е отворена за потребите и за решавање на проблемите на учениците, родителите и наставниците, но и за сите убави моменти, кои учениците сакаат да ги споделат. Во случај на проблем, без разлика, дали проблемот е во врска со некаков конфликт со друг ученик, нередовност во наставата, несоодветно однесување, оштетување на училишниот инвентар и слично, соодветно се разговара со ученикот, се повикуваат родителите на разговор, од страна на одделенскиот раководител и педагогот и се запознаваат со проблемот, кој го има ученикот, отворено се разговара со родителот и понатаму се преземаат мерки за решавање на проблемот. Родителите ја знаат улогата на педагошката служба и бараат помош и советување за решавање на потешкотиите, што ги имаат учениците во однесувањето. Во училиштето посебна грижа се води за учениците со емоционални потешкотии. На советот на одделенските наставници и на советот на предметните наставници се идентификуваат учениците со |

| | | |
|---|---|---|
| | | емоционални проблеми, со цел да се води грижа и да им се помогне во различни животни ситуации, без разлика на изворот на проблемот.<br>47,4% од испитаните наставници целосно се согласуваат дека учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна поддршка и помош за решавање на проблемите, 42,1% се согласуваат, по еден испитаник (5,3%) не се согласуваат и не знаат/немаат информација.<br><br>22,2% од испитаните родители целосно се согласуваат дека училиштето се грижи за добросостојбата на моето дете, најголем процент (75%) се согласуваат и 1 испитаник целосно не се согласува со ова тврдење. |




22,2% од испитаните родители целосно се согласуваат дека училиштето се грижи за емоционалната состојба на моето дете, 72,2% се согласуваат и по еден испитаник (2,8%) целосно не се согласува и не знае/ нема информација.



| | | |
|---|---|---|
| | | Најголем процент од анкетираните ученици (48,8%) целосно се согласуваат дека кога имаат потреба од помош, можат да се обратат на раководителот на паралелката или на друг наставник, 46,3% се согласуваат и по 1 испитаник (2,4%) не се согласува и воопшто не се согласува со ова тврдење.<br><br>36,6% од анкетираните ученици целосно се согласуваат дека можат слободно да бараат совет и поддршка од педагогот или психологот во училиштето, 48,8% се согласуваат и 12,2% не се согласуваат и 2,4% воопшто не се согласуваат.<br><br><br><br>34,1% од анкетираните ученици целосно се согласуваат дека во училиштето добиваат поддршка и помош при решавање на некој проблем, 51,2% се согласуваат, 2,4% не се согласуваат, 2,4% воопшто не се согласуваат и 9,8% не знаат/немаат информација. |

| | | |
|---|---|---|
| | |  |
| | Давање помош при изборот за продолжување на образованието | Посебна грижа во училиштето се води за професионалната ориентација на учениците. За училиштето е многу важно каде учениците ќе го продолжат своето средно образование. Со разновидните насоки и занимања, учениците се запознаваат на часовите по задолжителните и изборните предмети, како и на воннаставните ученички активности. Покрај тоа, училиштето соработува со средните училишта во градот и регионот. Учениците се запознаваат со програмите на средните училишта, преку презентации од претставници на средните училишта, кои доаѓаат во нашето училиште. Учениците присуствуваат на отворените денови, организирани од страна на средните училишта. На тие денови секое средно училиште се претставува преку проекти, флаери, презентации, практични работи од учениците, како и со претставници на општествено одговорни компании, кои им нудат широк дијапазон на стручни насоки и професионално усовршување. За понатамошното образување, учениците слободно можат да се обратат кај училишниот педагог, раководителот на паралелката, предметните наставници и директорот на училиштето. Секоја година средните училишта, по писмен пат, го известуваат училиштето, кои ученици од нашето училиште продолжиле да се образуваат кај нив. На тој начин има евиденција за учениците, каде го продолжуваат своето образование.<br>19,4% од испитаните родители целосно се согласуваат дека училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците, 75% целосно се согласуваат и 2 испитаника (5,6%) не знаат/немаат информација). |

| | | |
|---|---|---|
| | |  |

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето е препознатливо по својот напор да го одржи високиот квалитет на работа и постигања на нашите ученици во сите области на нивното интересирање. Посебен акцент е ставен на грижата за здравјето и безбедноста на учениците. Особено внимание се посветува на негување на родовата и мултикултурната различност, како и за грижата и инклузијата во наставниот процес на децата со попреченост, во животот на училиштето. Посебно ни е важно учеството на родителите, како и на пошироката заедница. Сите учесници во образовниот процес: ученици, родители, наставници, стручна служба, посветено се грижат за неговиот углед. Наставниците во нашето училиште, професионално ја извршуваат својата воспитно - образовна дејност. Ваквиот начин на работа придонесува да се постигнат добри образовни резултати во областа на наставните и воннаставните активности, со што се зголемува угледот и имиџот на училиштето. Наставниците се обидуваат да го поттикнат критичкото размислување на учениците и да ги научат со аргументи да ги менуваат неправдите во општеството.

Сметаме дека мисијата: „Учениците ги дочекуваме со топлина и од нивниот прв училиштен ден ги воспитуваме во духот на: толеранција, искреност, доверба, поттикнување и меѓусебно разбирање. Ги почитуваме нивните размислувања и идеи, потреби, емоции, ставови, градејќи ги во личности со самодоверба“ и визијата: „Ние сме училиште – пријател, сите различни, а подеднакво вредни. Заедно создаваме луѓе, денес мали, а утре поголеми од нас“ на училиштето се вистински пример за тоа како треба да се гради позитивна клима и углед на училиштето.

Мисијата и визијата на училиштето најдобро се остварува кога сите вклучени во образовниот процес (наставници, ученици, родители) јасно ќе ги знаат целите. Токму затоа тие се истакнати на влезот во училиштето и се јасно видливи за сите. Училиштето има процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, кои се пропишани со кодексот и сите процедури редовно се спроведуваат во пракса. Во училиштето постојат процедури за реагирање во случај на прекршување на правилата на однесување, пропишани со кодексите и истите се кај стручната служба во форма на евидентни листи за бележење. За поведението и дисциплината во училиштето се грижат сите наставници и стручната служба на училиштето. Работната атмосфера е присутна за време на наставата и воннаставните активности. Стремежот во образованието е да се приближи образованието до реалниот бизнис-сектор. Со тоа се влијае на полесен избор на учениците за нивната идна професија. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на децата, грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Училиштето има програми и протокол како пишан документ во кој се дефинирани сите облици на насилство како што се психичко/емоционално, физичко насилство, сексуално насилство, булинг, електронско насилство, семејно насилство. Наставниците и стручната служба секојдневно на часовите и надвор од нив работат на подобрувањето на училишната клима и односите помеѓу учениците. Имиџот го градиме и со грижата за здравјето и безбедноста на учениците. Постојано покренуваме иницијативи и предавања за грижата за здравјето (предавања од стручни лица за дентална хигиена, превенција на ризиците за дијабетис и сл.), како и борба за превенција од насилство и зависностите како дрога, алкохол, никотин и др. (предавања од страна на стручни лица, активисти на Црвениот крст и друго). Училиштето во соработка со здравствените институции постојано се грижат за здравјето на учениците, преку спроведување систематски прегледи, задолжителна имунизација, систематски прегледи на заби и слично. За хигиената во училиштето се грижи технички персонал. Во училиштето постои добра атмосфера за работа во текот на наставните часови и воннаставните активности. За безбедноста постојано се грижат и сите вработени (стручна служба, директор, наставници, но и останатиот дел од вработените). Своите дежурства наставниците ги извршуваат придржувајќи се кон претходно подготвениот распоред за дежурства, кој е истакнат во наставничката канцеларија и во холот на училиштето. Наставниците се грижат за безбедноста не само во училиштето, туку и за време на воннаставните активности, кои се спроведуваат надвор од училиштето. Во училиштето, самите ученици имаат можност да учествуваат во решавањето на некои проблеми и во донесувањето одлуки, преку состаноците на Ученичкиот парламент и ученичката заедница. Училиштето е подготвено да реагира до сите надлежни институции во случај на прекршување на детските права и во согласност на потребите, тоа и го прави. Се организираат редовни родителски средби на секое тримесечие, полугодие и на крајот на учебната година, како и вонредни родителски средби по потреба. Родителите се вклучени во воспитно-образовниот процес и преку учество во Советот на родители и Училишниот одбор. Училиштето е отворено за родителите и за заеднички активности и работилници. Мора да спомнеме дека не сите родители се вклучуваат во овие наши активности. Училиштето настојува да соработува со различни институции на локално ниво, но финансискиот терет, најчесто, паѓа на училиштето. Во рамките на предметот „Вештини за живеење" се одржуваат практични часови за подготовка на здрава храна и предавања за заштита од разни елементарни непогоди како земјотреси, поплави, пожар и др. Училиштето изнаоѓа методи да им помогне на учениците од социјално загрозени семејства. Преку разговори од страна на одделенски раководител, наставниците, стручните соработници и родителите, се откриваат учениците кои имаат емоционални потешкотии и се повикуваат на подетални разговори за запознавање со проблемот и се преземаат мерки за решавање на проблемот.

| |
|---|
| **Силни страни**<br>Мисијата и визијата се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата;<br>Во училиштето има Кодекс на однесување за ученици со кои се поставени принципите и правилата за однесување на учениците;<br>Училишната клима е позитивна која обезбедува почит, соработка и заштита преку Кодекс на однесување на наставниците и учениците и Правилник за постапување во ситуации на различни форми на насилство;<br>Во училиштето има добра атмосфера за работа за време на наставата и воннаставните активности;<br>Во училиштето има позитивна дисциплина;<br>Учениците совесно ги извршуваат работните задачи, меѓусебно се почитуваат и учтиво се однесуваат;<br>Во училиштето постои соработка меѓу вработените;<br>Учениците се поттикнуваат на голем број вонучилишни активности кои негуваат хуманост и толеранција;<br>Постои сертифициран обучен кадар за давање прва помош на учениците при незгоди;<br>Обучени лица за превенција и гасење на пожари и ракување со ПП апарат;<br>Упатство за постапување во случај на елементарни непогоди;<br>Именувано одговорно лице за препознавање и пријавување на насилство во училиштето;<br>Преземање соодветни мерки за превенција од болестите на зависост со пропишани процедури за превенција и регистрирање на појави од пушење, алкохолизам и консумирање наркотици;<br>Навремено спроведени систематски прегледи и вакцинации во соработка со здравствен дом;<br>Програма за превенција од заразни болести;<br>Развивање здрави навики кај учениците;<br>Следење на емотивните, социјалните, физичките потреби на учениците;<br>Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите;<br>Соработка со родителите и следење на емоционалниот, физичкиот и интелектуалниот развој на учениците;<br>Родителите учествуваат во реализација на одредени активности од проекти;<br>Соработка со служби и институции од локалната заедница (Центар за социјална работа, училишна превентива);<br>Педагошката служба е секогаш достапна и отворена за соработка со учениците, родителите и наставниците;<br>Училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование;<br>Добро организирана професионална ориентација за учениците (соработка со средните училишта);<br>Успешно се организираат и поставуваат јасни цели во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците;<br>Промовирање на училиштето преку веб-страницата;<br>Училишните политики се подобруваат во континуитет. |
| **Слаби страни** |

| |
|---|
| Немање кодекс и утврдени форми на однесување за намалување на говорот на омраза и можноста за сајбер-насилство;<br>Немање ИКТ-кодекс;<br>Не се изведува симулативна вежба за постапување во случај на елементарни непогоди;<br>Вклучување на родителите во воспитно образовниот процес преку дискусии и предавања на дадени теми;<br>Недоволна вклученост на сите родители во воннаставните активности;<br>Недоволна електронска комуникација со родителите преку е-дневник;<br>Почести предвања за разни болести и превенција од стручни лица;<br>Поголема соработка со Црвен крст на Република Северна Македонија Општинска организација Велес;<br>Подобрување на комуникација и соработка со урбаната заедница;<br>Соработката со Општината, преку организирани активности, од нејзина страна, не е на ниво како што посакуваме, бидејќи финансискиот трошок, најчесто, е на сметка на училиштето;<br>Претставникот од Ученичкиот парламент во ретки случаи се поканува и присуствува на состаноци на училишниот одбор. |
| **Приоритети**<br>Изготвување кодекс и утврдени форми на однесување за намалување на говорот на омраза и можноста за сајбер-насилство;<br>Изготвување ИКТ-кодекс;<br>Изведување симулативна вежба за постапување во случај на елементарни непогоди;<br>Мотивирање на учениците и на родителите за поголема вклученост во воннаставните активности, дискусии и предавања;<br>Зголемување на соработката со Црвен крст на Република Северна Македонија, Општинска организација Велес и со стручни лица;<br>Подобрување на соработката со Општината и со урбаната заедница. |

## Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации

(се внесуваат обработени резултати од анкетите со сите чинители (% на одговори по прашања на анкетните прашалници), резимеа од квалитативна анализа што се однесува на наменско набљудување, анализа на одговорите од интервјуата и дискусиите во фокус групите

| |
|---|
| Анкета за родители/старатели Анкетирани се 36 родители од вкупно 52. |




| |
|---|
| Анкета за наставници Анкетирани се 19 наставници од вкупно 25. |
| Анкета за ученици Анкетирани се 41 ученици од вкупно 56. Анкетираните ученици се од вториот и третиот образовен период |

| |
|---|
|   |
| Резиме (главни наоди) од интервјуа со директор/стручна служба |
| Резиме (главни наоди) од фокус групи |
| Наоди од набљудување часови |
| Наоди од други видови набљудувања |

**ПОДРАЧЈЕ 4: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ**

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **4.1 Управување и раководење со училиштето**<br>**4.2 Цели и креирање на училишната политика** |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“ Иванковци**
**Подрачје 4:**
**УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |

| | | |
|---|---|---|
| **Програма за работа на училишен одбор**<br>**Деловник за работа на училишен одбор**<br>**Годишна програма за работа на училиштето**<br>**Развоен план/програма на училиштето**<br>**Програма за работа на директор**<br>**Анкети со наставници, родители и ученици**<br>**Интервју со директор** | **Управување со училиштето** | Орган за управување во нашето училиште е Училишниот одбор. Училишниот одбор на ООУ,,Стојан Бурчевски-Буридан,, е составен од седум члена, од кои тројца претставници од редот на наставниците, тројца претставници од Совет на родители и еден претставник од локалната самоуправа. Претседател на УО е претставник од Совет на родители. Работата на Училишниот Одбор е јасно дефинирана со Деловникот за работа на УО и е транспарентна. Појдовна основа за планирање на програмата за работа на Училишниот одбор е член 108 од Законот за основно образование. Одлука на УО се донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на одборот. Училишниот Одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. На прашаето во анкетата со родителите 4.3 Училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени одлуки , родителите одговориле со 72,2% се согласуваат, 13,9% целосно се согласуваат, 8,3% немаат информација.<br><br> |
| | **Раководење со училиштето** | Раководниот орган, директорот на училиштето има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Директорот на училиштето води грижа за целокупната организација и реализација на воспитно-образовната и стручната работа во училиштето и обезбедува услови за нормално изведување на наставата. Тој е главен носител на сите значајни прашања поврзани со раководење и управување со администрацијата, финансиите и грижата за условите за работа, раководење со човечките |

| | | |
|---|---|---|
| | | ресурси. Тој е инструктивно - педагошки раководител, водач на воспитно-образовниот процес. |
| **Интервју со директор**<br>**Анкета со наставници, родители и ученици**<br>**Програма за работа на училишна библиотека**<br>**Интервју со библиотекар-наставник** | **Управување и раководење со ресурсите** | Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.<br>На прашањето во анкетата за наставници: 4.3 Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и вонннаставните активности., наставниците одговориле дека 37,5% дека целосно се согласуваат, 33,3 % се согласуваат, додека 25% не се согласуваат<br>4.3. Училиштето ми го обезбедува потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности<br>24 responses<br><br>Училишната библиотека работи според Годишна програма со ангажирани наставници кои го дополнуваат својот фонд на часови. Наставниците кои се ангажирани во училишната библиотека се наведени во Програмата за работа на библиотеката. Во библиотеката не се води електронска евиденција за издадените и вратените книги.На прашаењто во анкетата со учениците: Можам да земам книга/лектира од училишната библиотека/медијатека во секое време од вкупно 41 ученик одговориле со 34,1% целосно се согласувам, 36, 6 % се согласувам и 12,2 % не се |

| | | |
|---|---|---|
| | | согласувам<br> |
| | **Раководење со кадарот** | Наставниот кадар е распределен на начин на кој обезбедува соодветно и ефикасно искористување на наставните ресурси, со оглед дека се работи во повеќе подрачни училишта и треба да се внимава на распоредот и организацијата на наставата.<br>На прашањето 4.5 Наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен родителите одговориле со 66,7% се согласувам, 16,7 % целосно се согласувам и 13,9% не се согласуваат<br> |

| | | |
|---|---|---|
| | | Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници Самоевалуација на училиштето е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови.Не постои практика секоја година да се врши дисеминација на базичните обуки. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно со потребите на кадарот, образовните реформи и современите образовни текови. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот. Училиштето нема внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува иновации во работата, но се раководи по Законот за основно образование и Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните. Исто така во училиштето има наставник-ментор кој го води приправничкиот стаж на наставниците-приправници. На прашањето спроведено во анкетата со наставниците. Училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетното работење на наставниците, наствниците одговориле со 29.2% целосно се согласувам, 41,1 % се согласувам и 25% не се согласуваат<br>4.8. Училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетното работење на наставниците<br>24 responses<br> |
| | **Следење и унапредување на наставниот процес** | Директорот и стручните соработници, по претходно изготвен распоред, континуирано ја следат работата на наставниците. Од интервјуто со директорот процесот на следење на квалитетот на реализација на наставата преку проверка на програмите и планирањата, посета на тековни часови, нагледни, отворени, увид на педагошка евиденција и документација. За следењето на наставниот час, директорот и стручните соработници користат подготвени листи за проверка/протоколи како подготовка за успешно и сеопфатно следење на наставниот час. При |

| | | |
|---|---|---|
| | | што се добива усна повратна информација од страна на директор или стручна служба. Понатаму овие резултати ќе служат за професионален развој на наставниците.<br>4.5. Директорот и стручните соработници следат најмалку два мои наставни часови во текот на едно полугодие<br>24 responses<br><br><br>4.6. За моите следени наставни часови добивам конструктивна повратна информација<br>24 responses<br><br> |
| **Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| **Годишна програма за работа** | | |

| | | |
|---|---|---|
| **на училиштето; годишна програма за работа на училиштето;**<br>**буџет и финансиски план на училиштето.**<br>**анкети/интервјуа со директорот, стручните служби** | Резултати од развојно планирање | Според направените анкети  со наставниот кадар  се добиени податоци дека наставниците во 58,3 % целосно се согласуваат за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање на истата, 33,3% се согласуваат додека 8,3% не се согласуваат. Во изготовка на развојниот план учествуваат тим од наставници според законската регулатива. Сите планирани развојни цели до сега се реализирани: Систематско планирање, организирање, реализирање и евидентирање на ВНА , Доследно спроведување на новата концепција за основно образование во однос на изборните предмети , Реконструкција на училиштето во Сујаклари, Уредување на училишните дворови Обука на наставниот кадар за компетенциите, вештините и знаењата потребни за образование во 21 век, Обука на наставниците за работа со деца со посебни образовни потреби и талентирани ученици.<br><br><br>Целите во Развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. При нивното поставување се вклучени наставниците-ментори, наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Со последната интегрална |

| | | |
|---|---|---|
| | | инспекција е извготвен акционен план кој понатаму е разгледан на наставнички совет и училишен одбор.<br>Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно |
| | Планирање и управување со училишниот буџет | Буџетот во училиштето се троши наменски. На претходно донесени одлуки од Училишен одбор училишната комисија за јавни набавки врши објавување на огласи, разгледување на пристигнати понуди и изведува е-аукции, избира најдобра понуда (во соработка со надворешно лице), за набавка на огрев, технички средства, нагледни средства. Јавно е планирањето и набавката на нагледни средства и помагала според финансиската состојба. Системот за јавни набавки е имплементиран во нашата веб страна како законска обврска на јавните инситуции. Исто така и завршните сметки за тековната година се транспарентни и јавни на веб страната<br>Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства.Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Финансискиот план е одобрен од Училишниот Одбор и Советот на општината. На прашањето во анкетата спроведена со родителите Запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето родителите одговориле со: 47,2 дека не знаат немаат информација, 33,3 % се согласувам, и 13,9% не се согласувам |

| | | |
|---|---|---|
| | |  |

**Подрачје 4:**

**Опис/резиме на подрачјето )**

Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива.Работата на УО е јасно дефинирана со Деловникот за работа на УО и е транспарентна. УО има воспоставено партнерски однос со раководниот орган и другите училишни структури .Сите членови на УО се запознаваат со нивните надлежности. Претседателот на УО согласно потребите на училиштето, редовно свикува седници на кои детално се разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето, како и сите точки на дневен ред кои се тесно поврзани со потребите и барањата на наставниците, родителите и учениците. Не секогаш Дневниот ред е јавно објавен на огласната табла за целосен увид. Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознати сите вклучени чинители во животот на училиштето.Тој работи тимски при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Новините во образованието од државно ниво, според Национална програма за развој на образованието ги имплементира на ниво на училиште. Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми како и стручни соработници, во училиштето нема вработено психолог како стручен соработник. Програмата за професионален развој на

наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Не постои практика да се врши дисеминација на базичните обуки. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно потребите на кадарот, образовните реформи и современите образовни текови. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот. Училиштето нема внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува иновации во работата. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја. Директорот и стручните соработници, по претходно изготвен распоред, континуирано ја следат работата на наставниците. Секој наставник се следи , за што се дава повратна информација . За следење на наставниот час директорот и стручните соработници користат подготвени листи за проверка / протоколи како подготовка за успешно следениот наставен час. Целите во Развојната програма се конкретни, јасни, остварливи и ги отсликуваат реалните предизвици идентификувани од претходната самоевалуација на училиштето, како и интегралната евалуација. При детектирањето на целите вклучени се наставникот-ментор, наставниците, учениците, родителите, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат , како и со динамиката на реализирање.

**Силни страни**

- Директорот воспоставува добри односи со наставниците, учениците и другите установи со кои соработува.
- Директорот работи транспарентно, развива доверба и ги мотивира вработените за тимска работа
- Учениците, родителите и вработените се запознаени со правилата на однесување, кућниот ред и протоколите на училиштето.
- Директорот и  наставниците добро се однесуваат со учениците
- Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирање на целите, начелата и вредностите на училиштето-
- Училиштето континуирано ги идентификува потребите за стручно усовршување на стручниот кадар.
- Учениците, родителите и наставниците се навремено и редовно информирани за случувањето во училиштето.
- Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства

**Слаби страни**

- Дефицитарен кадар по одредени наставни предмети
- Училиштето има потреба од вработување на психолог
- Нема транспаретност од страна на училишниот одбор , не е објавен  јавно дневниот ред
- Не се врши дисемениација на базичните обуки во училиштето
- Училишниот одбор има план за следење на активностите,но не на квартално ниво

**Приоритети**

- Вршење  дисеминација на базичните обуки во нашето училиште

-Подобра транспаретност за работата на училишниот одбор

**Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации**
(се внесуваат обработени резултати од анкетите со сите чинители (% на одговори по прашања на анкетните прашалници), резимеа од квалитативна анализа што се однесува на наменско набљудување, анализа на одговорите од интервјуата и дискусиите во фокус групите

| |
|---|
| Анкета за родители/старатели<br>**Во училиштето се спроведе анкетен прашалник за родители/старатели кои беше даден да се пополнува во период од една недела а беше поставен на google forms. Истиот беше целосно анонимен и право да одговараат имаа родители/старатели на ученици од сите одделенија. Линкот до прашалникот беше даден преку оделенските раководители.**<br><br> |
| Анкета за наставници<br>**Во училиштето се спроведе анкетен прашалник за наставници кои беше даден да се пополнува во период од една недела а беше поставен на google forms.** |
| Анкета за ученици |




**Резиме (главни наоди) од интервјуа со директор/стручна служба**

1.Дали во развојната програма се планира подобрување во инфраструктурата?

-Во развојната програма се планира подобрување.

2.Како вообичаено наставниците ги подготвуваат планирањата на наставата?

-Преку стручни аткиви со (заемна соработка) и инвидуално .

3.Како ги промовират постигнувањата на училиштето?

-Преку веб страна и facebook , учества на натпревари, воннаставни активности, успех и поведението на учениците.

4.Каква е соработката меѓу директорот и училишниот одбор?

-Соработката меѓу директорот и училишниот одбор е одлична.

5.Колку ефективно, според Вас се користат просторините капацитети и материјали за работа?

-Капацитетите и материјалите за работа се користат како ресурси.

6.Со какви предизвици се справувате за обезбедување на соодветен наставен кадар и стручни соработници?

-По одредени предмети постои дефицитарен наставен кадар.

-поднесено е барање до МОН за стручен соработник -Психолог ( сеуште нема одговор).

7.Како е организиран професионалниот развој на наставниците?

-Преку организирани и навремено известени семинари и обуки, работни средби, работилници, предавања, следење на стручна литература, имплементирање на промените и новините во образовниот систем.

| |
|---|
| 8.Како се одвива процесот на следење на квалитетот на реализација на наставата?<br>-Проверка на програмите и планирањата, посета на тековни часови, нагледни, отворени, увид на педагошка евиденција и документација.<br>9.Кои го следи процесот?<br>-Директор и педагог, Дел од соодветни наставници од активите.<br>10.Кој учествува во развојното планирање?<br>-Тим од настаници за развојни планирања согласно законската регулатива.<br>11.Дали училиштето има воспоставено механизми за пофалба/наградување на наставници?<br>-Има критериуми, но не се практикува во нашето училиште. |
| Резиме (главни наоди) од фокус групи |
| Наоди од набљудување часови |
| Наоди од други видови набљудувања |

Комисија за спроведување на СЕУ:

Весна Христовска – предметен наставник

В. Христовска
______________________

Елена Илиева Недев – педагог

______________________

Далиборка Крстевска – одделенски наставник

______________________

Александар Ѓорѓиев – предметен наставник

______________________

Александар Арсовски – родител

______________________